Република Северна Македонија

Министерство за труд
и социјална политика

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

## Годишен Извештај за превземените активности и постигнатиот напредок за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите во Република Северна Македонија за 2020 година

Јули 2021 Скопје

С О Д Р Ж И Н А


1. Вовед и приоритети на Владата на Република Северна Македонија за еднаквите можности

2. Анализа на состојбата и Реализирани активности во областа на еднаквите можности на жените на мажите на национално и локално ниво во Република Северна Македонија за 2020 година по клучни области, според последни официјални податоци

2.1 Демографски податоци и население

*2.2 Образование, спорт и медиуми*

*2.2.1 Образование*

*2.2.2 Спорт*

*2.2.3 Комуникации*

*2.2.4 Култура*

*2.2.5 Медиуми*

2.3 Застапеноста на пазарот на труд и економско јакнење на жените

*2.3.1 Женско претприемништво*

2.4 Пристап на жените до здравствени услуги

2.5 Жени во рурални средини

2.6 Пристап до правда

*2.6.1 Бесплатна правна помош*

*2.6.2 Механизми за заштита*

2.7 Социјална заштита

3. Реализирани активности на Министерство за труд и социјална политика

3.1 Национален механизам за упатување на жртви на трговија со луѓе

3.2 Родово одговорно буџетирање

4. Развој на родовата еднаквост на Локално ниво

*1. Вовед и приоритети на Владата на Република Северна Македонија за еднаквите можности*

Во Република Северна Македонија постои заокружена правна рамка за промовирање и воспоставување на еднакви можности на жените и мажите и на унапредување на положбата на жената во сите сфери на општественото живеење. Постојат стратешки документи и оперативни планови за нивна имплементација. На национално и локално ниво воспоставени се институционалните механизми кои како надлежни субјекти одговорни за преземање на активности во својот ресор со кои ќе се унапредат еднаквите можности на жените и мажите.
Со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на РМ" бр.166/2014) се создаде правен основ за подготовка и донесување на подзаконски акти со кои се овозможува успешна реализација на предвидените законски решенија и спроведување на обврските кои произлегуваат од законот од страна на одговорните субјекти за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите на национално и локално ниво. Со цел да се постигне Стандардизиран модалитет на известување за спроведувањето на Законот за еднакви можности на жените и мажите, донесени се следниве правилници: за формата и содржината на годишниот извештај за резултатите од примената на посебните мерки за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите и начинот на спроведување на планот за имплементација на посебните мерки; за формата и содржината на извештајот за работа на координаторот за еднакви можности на жените и мажите во единиците на локалната самоуправа; за формата и содржината на извештајот за работа на координаторот и заменик координаторот за еднакви можности на жените и мажите во органите на државната управа (Сл. весник бр. 46/2015).
Значаен напредок во промовирањето и заштитата на еднаквите можности, преку еден покомплексен пристап кон овие прашања, дополнително се направи со донесувањето на новините во Законот за спречување и заштита од дискриминација, со што се прошируваат основите, се добива соодветна правна заштита и општество кое ги негува различностите и овозможува услови за развој за сите.
Во овој период постигнато е значително унапредување на родовата еднкавост и со донесувањето на Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство.
Родовата еднаквост во Република Северна Македонија е дел од Програмата на Владата за периодот 2017 – 2020 година, ваквата обврска за државата произлегува и од Агендата за одржлив развој до 2030 година.Генералниот приоритет на Владата на Република Северна Македонија е дека ќе води политика на унапредување на правата на жените и зголемување на нивното учество во политичкиот, економскиот и јавниот живот. За таа цел ќе воспостави посебно владино тело за родова рамноправност кое ќе се грижи за имплементација на родовата перспектива во креирање на политиките и буџетите. Во таа насока Владата на Република Северна Македонија во 2018 година го усвои и Националниот акциски план за родова еднаквост 2018-2020 во кој генерално се содржани следните приоритети:

-Воспоставување на ефективен и ефикасен систем на постигнување родова еднаквост преку функционални механизми за поддршка на национално и локално ниво, хармонизирани индикатори за мерење на прогрес на родова еднаквост и обезбедена родово разделена статистика;
-Примена на родово-одговорното буџетирање при креирањето на политиките и програмите;
-Подигната јавната свест за препознавање на различни форми на насилство врз жените и зајакнување на капацитетите на институциите при постапувањето за заштита на овие жртви;
-Хармонизирање на законодавството со ЕУ и меѓународните стандарди;
-Подобрување на степенот на родова еднаквост во приоритетни тематски области, односно во областа на здравството, образованието и вработувањето;
-Негување/Градење на култура на еднакви можности и промоција на еднаков третман и недискриминација врз основа на пол.

***

Пандемијата со корона вирусот која предизвика глобални ефекти неспоредливи со други настани во 20 и 21 век, ја одбележа 2020 и почетокот на 2021 година. Кризата која ги погоди сите земји во светот предизвика непроценливи економски и социјални последици од кои светот ќе закрепнува уште долго време.
Со цел успешно справување со ширењето на заразата, Претседателот на Република Северна Македонија на 18 март 2020 г. прогласи вонредна состојба во државата. Владата на Република Северна Македонија донесе низа мерки во борбата против Ковид-19, успевајќи да ја одржи стабилна состојбата во земјата и овозможувајќи поддршка за ранливите категории на граѓани.
Состојбите со пандемијата се одразија врз работата на речиси сите институции во поглед на сите останати активности, како на домашен, така и на меѓународен план. Во оваа смисла, изостана спроведувањето на планираните кампањи, промоции, конференции, истражувања.
Зад нас оставивме една година, по многу нешта поразлична од сите досегашни, полна со предизвици, пред сè на здравствен план.
На 10 март 2020 година Владата донесе мерка со која го прекина воспитно-образовниот процес и наставата во сите детски градинки и основни училишта. Истовремено, беше донесено одлука еден од родителите чии деца до десетгодишна возраст посетуваат настава во градинка или во основно училиште, да биде ослободен од работните обврски. Владата им препорача на работодавачите во државата, во зависност од типот на работата и можностите, да ја адаптираат работата да се извршува од дома.
Од појавувањето на коронавирусот, Владата на Република Северна Македонија донесе 4 пакети мерки[1], насочени кон справување со негативните последици врз економијата. Во рамки на овие пакети, донесени се околу 70 различни мерки, со

[1] https://vlada.mk/node/24854

кои се опфатени и поддржани субјектите и физичките лица погодени од пандемијата.

Сите пакети на антикризни мерки за поддршка на економијата во својот фокус ги имаат граѓаните, нивните работни места, социјалната сигурност, солидарност, креирање амбиент за полесно надминување на економските последици од коронавирусот и спроведување на брза излезна стратегија кога кризата ќе заврши за да продолжиме со позитивните трендови на новата развојна економија.

Креирањето на мерките за сите пакети е направено транспарентно и во инклузивен процес во кој учествуваа стопанските комори, синдикалните организации и организациите на работодавачи со цел да бидат опфатени максималниот број на граѓани засегнати од кризата.

Вредноста на сите четири пакети антикризни мерки изнесува околу 1 милијарда и 20 милиони евра, односно четвртиот пакет економски мерки изнесува 470 милиони евра, додека вкупната вредност на претходните три пакети изнесува околу 555 милиони евра. Овие финансиски средства се насочени повторно кон граѓаните и стопанството за да се обезбеди стабилна одржливост на економијата со потенцијал за ревитализација.

Со периодот на изолација и воспоставувањето на строг полициски час, невладините организации и Министерството за труд и социјална политика предупредија за ризикот од зголемување на случаите на семејно насилство. Во текот на полицискиот час, жените жртви на насилство добија дозвола да побараат помош и да пријават семејно насилство и во текот на целиот период беа споделувани контакти од сервисите за пријавување и поддршка на жртвите.

Секторите кои беа негативно погодени со кризата (пр. производство, туризам, угостителство), како и есенцијалните дејности во време на пандемија (здравство, грижа и нега, производство и продажба на прехрамбени продукти, аптеки продавници и супермаркети, финансиско-услужни дејности, одржување на хигиена и др.) се всуш-ност дејности во кои доминантно се вработени жени. Дополнително, затворањето на градинките и училиштата доведе до значаен пораст на времето поминато во грижа и домашни обврски кои и пред кризата доминантно ги извршуваа жените. Сето тоа влијаеше на зголемување на обемот на неплатена работа која жените ја извршуваат во текот на пандемијата, додека истовремено се посветени на извршување на работните обврски и задачи. Оттука, ефектот на кризата имаше силно влијание на сигурноста, социо-економската и здравствената положба на жените, особено на најранливите, како што се жените со низок социо-економски статус, жените со попреченост, жените во подоцнежна возраст, вдовици, самохрани мајки, жртви на насилство, како и други ранливи групи на жени.

***

Годишниот извештај од методолошки аспект е подготвен врз основа на добиени информации од органите на државната управа, доставените годишни извештаи од Единиците на локалната самоуправа и Органите на државната управа до Министерството за труд и социјална политика.

Овој Годишен Извештај е подготвен и се доставува согласно член 12 став 1 алинеја 14 од Законот за еднакви можности на жените и мажите ( "'Службен весник на РМ "201/2015 – пречистен текст.

*2. Анализа на состојбата и Реализирани активности во областа на еднаквите можности на жените на мажите на национално ниво и локално ниво во Република Северна Македонија за 2020 година по клучни области, според последни официјални податоци*

**Генералниот секретаријат** при Владата, на предлог на Министерството за труд и социјална политика, за прв пат ја вклучи родовата перспектива во процесот на стратешко планирање и придонесе за воведување системско вклучување на еднаквите можности на жените и мажите во главните општествени токови во процесот на креирање, спроведување и следење на политиките и буџетите. Во структурата и содржината на стратешкиот план се предвидува посебен дел кој се однесува на принципот на еднакви можности на жените и мажите , а при мерење и следење на постигнувањето на целите и резултатите на програмите се утврдуваат квантитативните и/или квалитативните показатели, при што треба да биде утврден најмалку еден родов сензитивен показател. Како за потсетување Владата во март 2018 година на предлог на Генералниот секретаријат, донесе Методологија за изменување и дополнување на Методологијата за стратешко планирање и подготвување на Годишна програма за работа на Владата на Република Македонија (Сл.весник на РМ бр.58/18), а во јули 2018 донесе две нови упатства: Упатство за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на подготвување на стратешкиот план и годишниот план за работа (Сл.весник.на РМ бр.131/18) и Упатство за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на следење, оценување и известување на спроведувањето на стратешкиот план и годишниот план за работа (Сл.весник на Рм бр. 131/18). Ваквите упатства се применуваат во подготовка на стратешките планови на министерствата и другите органи на државната управа 2019-2021 година.

Генералниот секретаријат –Секторот за стратегија, планирање и следење, како задолжена институција за координација на процесот на стратешко планирање на централно ниво во 2020 година подготви Извештај од анализата на нацрт-стратешките планови на министрерствата и другите органи на државната управа од аспект на формата, содржината и нивната усогласеност со стратешките приоритети на ВРСМ во 2020 година. Извештајот беше подготвен врз основа на направената анализа на доставените нацрт-стратешки планови од 14 министерства и 21 од други органи на државната управа. Притоа, согласно Извадокот од Нацрт-записникот од Петтата седница на ВРСМ одржана на 28.01.2020 Точка 44, ги задолжи министерствата и другите ОДУ нацрт-стратешките планови за 2020-2022 година, да ги усогласат со заклучните согледувања и препораки содржани во Извештај од анализата на нацрт-стратешките планови на министрерствата и другите органи на државната управа од аспект на формата, содржината и нивната усогласеност со стратешките приоритети на ВРСМ во 2020 година, со Буџетот на РСМ за 2020 година и Упатството за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на

подготвување на стратешкиот план и Годишниот план за работа („Службен весник на РМ" бр.131/18) и најдоцна до крајот на јануари 2020 година да ги објават на своите веб страници.
По спроведен online консултативен процес со граѓанските организации, одржана седница и позитивно мислење од Советот за соработка и развој на граѓанскиот сектор, во јуни 2020 година Генералниот секретаријат до Владата на Република Северна Македонија достави Предлог-програма за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации за мерки за справување со COVID-19 кризата. Една од приоритетните цели за кои се предвидува финансиска поддршка на здруженијата и фондациите со оваа Програма е „Анализа на влијанието на пандемијата, вклучувајќи ги и економските ефекти од кризата врз жените и ранливите категории и предлози за менување на политиките и мерките".

Во текот на 2020 година **Министерството за одбрана** го изработи и го донесе Вториот Национален акциски план (НАП) на Република Северна Македонија за имплементација на Резолуција 1325, Жени, Мир и Безбедност (2020-2025) - стратегиска рамка. Министерството за одбрана е надлежна институција за изработка и имплементација на национално ниво на истиот. Исто така, изработи и Оперативен план за имлементација на Вториот НАП за имплементација на Резолуцијата на Министерството за одбрана и координирање на процесот на изработка на Оперативните планови на другите чинители на национално и локално ниво.
Министерството за одбрана донесе и Долгорочен план за развој на одбраната 2019 – 2028 и Среднорочен план за развој на одбраната 2020 – 2023, со стратешки цели што се однесуваат на родовата еднаквост и на застапеноста на жените во оваа сфера. Оваа добра пракса продолжува со имплементација на родовата перспектива и во сите други нови стратегиски документи и политики на Министерството за одбрана и Армијата.

Во 2018 и 2019 година во **Министерството за внатрешни работи** со поддршка на ОБСЕ успешно се реализираше менторска програма чија цел беше да се овозможи создавање на концепт на меѓусебна поддршка на жените преку споделување на знаења и искуства, јакнење на солидарноста, промоција на добри примери, вмрежување и јакнење на жените во МВР. Во 2020 година со цел продолжување на менторската програма и за опфаќање на што поголем број на вработени во Министерството, по предлог на ОБСЕ, Бирото за јавна безбедност ја презема Програмата под своја сопственост. Предвидено е менторската програма да се спроведува и понатаму во рамките на Бирото за јавна безбедност со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.
Во стратешкиот план на Министерството за внатрешни работи 2019-2021 во програмата „Унапредување на заедничките функции на МВР" предвидена е потпрограма „Управување со човечки ресурси". Во оваа потпрограма предвидено е следење на родовата правична застапеност. Имено, Програмата „Унапредување на заедничките функции на МВР" произлегува од Стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија како членка на НАТО и ЕУ и „ Јакнење на владеење на правото преку непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите, изградба на независни институции и функционален систем на

локална самоуправа", односно приоритетните цели: „Унапредување на националните капацитети и способности во насока на постигнување на поголема интероперативност во силите на земјите членки на НАТО", „ Промовирање на европските вредности во процесот на пристапување во ЕУ преку транспарентност и зајакнување на соработка со граѓанскиот сектор и академската заедница", „ Подобрување на стручноста, ефикасноста отчетноста и транспарентноста на јавната администрација и создавање на услужно ориентирани институции со примена на нови технологии, стандарди за квалитет на мерки за сајбер безбедност", „Унапредување на родовата еднаквост на сите области од општественото живеење и вклучување на родовата перспектива во креирањето на политиките и буџетите" и „ Унапредување на човековите права и создавање институционални капацитети за нивна ефикасна заштита".

Податоците на Министерството за внатрешни работи во однос на кривични дела од областа на семејното насилство покажуваат регистрирани 992 (989) кривични дела од областа на семејното насилство, за кои се пријавени 1025 (1.013) сторители, од кои 90,7% се лица од машки пол. Најголем дел од кривичните дела извршени при семејно насилство 59,9% се „телесна повреда", по што следат „загрозување на сигурнуста" со 33,9%. Извршени се и четири кривични дела „убиство" при вршење на семејно насилство и тоа: две на подрачје на Сектор за внатрешни работи Скопје и по едно на подрачје на Сектор за внатрешни работи Битола и Велес.

Од вкупниот број на жртви на овие кривични дела 1052, најчесто се жени 79,8%, а во однос на роднинската врска со сторителите, во 38,9% како жртва се појавува сопругата, потоа, 18, 6% жртви се родителите и во 8,2% жртви се децата. [2]

### *2.1 Демографски податоци и население*

Според податоците на **Државниот завод за статистика**, во 2020 година, активното население во Република Северна Македонија изнесува 950 858 лица, од кои вработени се 794 909, а 155 949 лица се невработени. Стапката на активност во овој период е 56.4, стапката на вработеност 47.2, додека стапката на невработеност изнесува 16.4.

[2]https://mvr.gov.mk/Upload/Editor_Upload/%D0%93%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D1%88%D0%B5%D0%BD%20%D0%B8%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98%202020.pdf

**T-02: Население на возраст од 15 години и повеќе, според економската активност и полот**
**T-02: Population aged 15 years and over by economic activity and gender**

| | 2019 | 2020 | | 2020/2019 | |
|---|---|---|---|---|---|
| | лица persons | лица persons | структура по пол structure by gender | | |
| Активно население | | | | | Labour force |
| Вкупно | 964 014 | 950 858 | 100.0 | 98.6 | Total |
| Мажи | 571 635 | 566 178 | 59.5 | 99.0 | Men |
| Жени | 392 379 | 384 680 | 40.5 | 98.0 | Women |
| Вработени | | | | | Employed |
| Вкупно | 797 651 | 794 909 | 100.0 | 99.7 | Total |
| Мажи | 477 437 | 471 564 | 59.3 | 98.8 | Men |
| Жени | 320 214 | 323 344 | 40.7 | 101.0 | Women |
| Невработени | | | | | Unemployed |
| Вкупно | 166 363 | 155 949 | 100.0 | 93.7 | Total |
| Мажи | 94 198 | 94 614 | 60.7 | 100.4 | Men |
| Жени | 72 165 | 61 335 | 39.3 | 85.0 | Women |
| Неактивно население | | | | | Inactive population |
| Вкупно | 720 805 | 734 731 | 100.0 | 101.9 | Total |
| Мажи | 271 712 | 277 529 | 37.8 | 102.1 | Men |
| Жени | 449 093 | 457 201 | 62.2 | 101.8 | Women |

**T-03: Работоспособно население според економската активност, по возрасни групи и по пол**
**T-03: Working age population by economic activity, age groups and gender**

| Возраст/ Age | Вкупно/Total | | Работна сила Labour force | | Вработени Employed | | Невработени Unemployed | | Неактивно население Inactive population | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2019 | 2020 | 2019 | 2020 | 2019 | 2020 | 2019 | 2020 | 2019 | 2020 |
| **Вкупно/Total** | | | | | | | | | | |
| Вкупно/Total | 1 684 820 | 1 685 589 | 964 014 | 950 858 | 797 651 | 794 909 | 166 363 | 155 949 | 720 805 | 734 731 |
| 15-24 | 252 324 | 245 699 | 81 193 | 75 808 | 52 312 | 48 766 | 28 881 | 27 042 | 171 131 | 169 891 |
| 25-49 | 778 296 | 777 871 | 629 778 | 620 691 | 523 112 | 522 329 | 106 666 | 98 362 | 148 518 | 157 181 |
| 50-64 | 410 208 | 410 828 | 243 579 | 243 439 | 212 792 | 212 894 | 30 787 | 30 545 | 166 629 | 167 389 |
| 65 години и повеќе 65 years and over | 243 991 | 251 190 | 9 464 | 10 920 | 9 434 | 10 920 | : | - | 234 527 | 240 270 |
| 15-64 | 1 440 828 | 1 434 398 | 954 550 | 939 938 | 788 216 | 783 989 | 166 334 | 155 949 | 486 278 | 494 461 |
| **Мажи/Men** | | | | | | | | | | |
| Вкупно/Total | 843 347 | 843 707 | 571 635 | 566 178 | 477 437 | 471 564 | 94 198 | 94 614 | 271 712 | 277 529 |
| 15-24 | 130 215 | 126 752 | 49 651 | 48 143 | 33 048 | 31 767 | 16 603 | 16 375 | 80 564 | 78 609 |
| 25-49 | 397 253 | 397 285 | 362 133 | 355 215 | 302 932 | 298 077 | 59 202 | 57 138 | 35 120 | 42 070 |
| 50-64 | 204 503 | 204 676 | 154 045 | 155 351 | 135 664 | 134 251 | 18 381 | 21 100 | 50 458 | 49 325 |
| 65 години и повеќе 65 years and over | 111 377 | 114 994 | 5 806 | 7 469 | 5 793 | 7 469 | : | - | 105 571 | 107 525 |
| 15-64 | 731 971 | 728 713 | 565 829 | 558 709 | 471 644 | 464 095 | 94 186 | 94 613 | 166 142 | 170 004 |
| **Жени/Women** | | | | | | | | | | |
| Вкупно/Total | 841 473 | 841 881 | 392 379 | 384 680 | 320 214 | 323 344 | 72 165 | 61 335 | 449 093 | 457 201 |
| 15-24 | 122 110 | 118 946 | 31 542 | 27 665 | 19 265 | 16 998 | 12 278 | 10 666 | 90 567 | 91 282 |
| 25-49 | 381 043 | 380 586 | 267 645 | 265 476 | 220 180 | 224 252 | 47 464 | 41 224 | 113 398 | 115 111 |
| 50-64 | 205 706 | 206 152 | 89 534 | 88 088 | 77 128 | 78 643 | 12 406 | 9 445 | 116 172 | 118 064 |
| 65 години и повеќе 65 years and over | 132 615 | 136 196 | 3 659 | 3 451 | 3 641 | 3 451 | : | - | 128 956 | 132 745 |
| 15-64 | 708 859 | 705 684 | 388 721 | 381 229 | 316 573 | 319 893 | 72 148 | 61 335 | 320 137 | 324 457 |

- нема појава / no occurrence

: мала појавност за да биде објавен податокот / too imprecise estimate to be published

( ) помалку прецизна процена - се користи со претпазливост / less precise estimate - use with caution

Државниот завод за статистика (ДЗС) во секое статистичко истражување каде што единица на набљудување е лице, содржан е белегот пол. И покрај тоа што не постои посебен Оддел за родова статистика во ДЗС, се прават напори за развивање и подобрување на родовата статистика .

**Т-05: Стапки на активност на населението по возрасни групи и по пол**

**T-05: Activity rates of the population by age groups and gender**

| | Стапка на активност Activity rate | | Стапка на вработеност[1] Employment rate[1] | | Стапка на невработеност Unemployment rate | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2019 | 2020 | 2019 | 2020 | 2019 | 2020 |
| | | | **Вкупно/Total** | | | |
| **Вкупно/Total** | **57.2** | **56.4** | **47.3** | **47.2** | **17.3** | **16.4** |
| 15-24 | 32.2 | 30.9 | 20.7 | 19.8 | 35.6 | 35.7 |
| 25-49 | 80.9 | 79.8 | 67.2 | 67.1 | 16.9 | 15.8 |
| 50-64 | 59.4 | 59.3 | 51.9 | 51.8 | 12.6 | 12.5 |
| 65 години и повеќе 65 years and over | 3.9 | 4.3 | 3.9 | 4.3 | 0.3 | - |
| 15-64 | 66.3 | 65.5 | 54.7 | 54.7 | 17.4 | 16.6 |
| | | | **Мажи/Men** | | | |
| **Вкупно/Total** | **67.8** | **67.1** | **56.6** | **55.9** | **16.5** | **16.7** |
| 15-24 | 38.1 | 38.0 | 25.4 | 25.1 | 33.4 | 34.0 |
| 25-49 | 91.2 | 89.4 | 76.3 | 75.0 | 16.3 | 16.1 |
| 50-64 | 75.3 | 75.9 | 66.3 | 65.6 | 11.9 | 13.6 |
| 65 години и повеќе 65 years and over | 5.2 | 6.5 | 5.2 | 6.5 | 0.2 | - |
| 15-64 | 77.3 | 76.7 | 64.4 | 63.7 | 16.6 | 16.9 |
| | | | **Жени/Women** | | | |
| **Вкупно/Total** | **46.6** | **45.7** | **38.1** | **38.4** | **18.4** | **15.9** |
| 15-24 | 25.8 | 23.3 | 15.8 | 14.3 | 38.9 | 38.6 |
| 25-49 | 70.2 | 69.8 | 57.8 | 58.9 | 17.7 | 15.5 |
| 50-64 | 43.5 | 42.7 | 37.5 | 38.1 | 13.9 | 10.7 |
| 65 години и повеќе 65 years and over | 2.8 | 2.5 | 2.7 | 2.5 | 0.5 | - |
| 15-64 | 54.8 | 54.0 | 44.7 | 45.3 | 18.6 | 16.1 |

- нема појава/no occurrence

: мала појавност за да биде објавен податокот/too imprecise estimate to be published

( ) помалку прецизна процена - се користи со претпазливост/less precise estimate - use with caution

[1] Стапка на вработеност - учество на вработените во работоспособното население на возраст од 15 години и повеќе (според препораките на Меѓународната организација на трудот - ИЛО).

[1] Employment rate - participation of the number of employed in the working age population, aged 15 years and over (according to the recommendations of the International Labour Organization - ILO)

Државниот завод за статистика во рамките на ИПА 2017, започна активности за спроведување на Истражувањето за родово базирано насилство. Овие активности започнаа во јуни 2019 година и истите беше планирано да се спроведе во 2020 година, меѓуто поради Ковид пандемијата сите активности поврзани со истражувањето се стопирани.

### *2.2 Образование, спорт и медиуми*

#### *2.2.1 Образование*

**Министерството за образование и наука** презема голем број на активности и тоа со една цел, овозможување на квалитетно образование без разлика на пол, род, етничка, социјална и друга определба, забранувајќи секаков вид на дискриминација.

Новиот Закон за основно образование, кој беше донесен во 2019 година, започна да се имплементира од учебната 2019/2020 година и во него, како што е предвидено и со Националниот акциски план за родова еднаквост 2018-2020, внесена е посебна одредба/ анти-дискриминаторски клаузули со сите основи на дискриминација (вклучително род, родов идентитет, сексуална ориентација). Од овој закон, произлегоа документи кои се тесно поврзани со еднаквоста и недискриминацијата по секој основ. Врз основа на член 47 став 2 од овој закон, донесена е програма за професионална ориентација за учениците од осмо и деветто одделение од основните училишта, со број 12-11595/1 од 20.10.2020 година. Професионалната ориентација и советување во училиштето, исто така, може да допринесе за надминување на традиционалното гледање на професиите како „машки" и „женски" и да ги охрабри девојчињата и момчињата при изборот на професијата да се раководат од своите желби, способности и интереси. Главната цел е да се поттикнат учениците да ги спознаат своите лични афинитети и капацитети, да се соочат со квалификационата рамка на занимања и темата-„работа", да го зајакнат чувството на сопствена вредност во однос на соодветноста за избор на широк спектар на образовни профили и занимања без разлика на полот, родот и други карактеристики. Стручниот работник, кој е предвиден со програмата, ќе биде вклучен во спроведување на проценката, со цел да не се води според родово стереотипна поделба на трудот и професиите, односно да се води исклучиво според принципите на родова еднаквост.

Законот за основно образование предвидува и носење на посебен документ - Концепција за инклузивно образование. Оваа концепција е донесена со Решение на министерот за образование и наука, со број 18-6577/1 од 06.07.2020 година.

Согласно овој закон се наметна потребата од донесување на Концепција за воннаставни активности во основните училишта. Како резултат од тоа подготвен е документ, односно Концепција, која се надградува врз наодите од истражувањата, врз искуствата од другите земји, врз актуелните практики со воннаставните активности во нашите училишта, како и врз приоритетите предвидени во Стратегијата за образование 2018-2025. Во овој документ предвидени се голем број на воннаставни активности во кои подеднакво се вклучени и девојчињата и момчињата. Во Концепцијата за воннаставни активности е предвидено, секоја активност да се спроведува во вид на акција. По спроведување на секоја акција, од учениците-учесници треба да се бара повратна информација (најдобро, преку анонимни прашалници) за успешноста во реализацијата на целите на акцијата и корисноста од нејзината реализација за нив самите. Од учениците може да се бара мислење и за тоа како може да се подобри реализацијата на акцијата во иднина. Одговорните наставници во соработка со

другите вклучени реализатори (наставници, родители, стручни соработници, претставници на невладини организации) го бележат учеството на секој ученик во акцијата, регистрирајќи го на претходно подготвениот список на учесници. За учениците кои особено се истакнале во реализацијата на целите на акцијата, одговорниот наставник подготвува посебна белешка со мислење кое описно се запишува во додатокот на свидетелството на ученикот. Важна компонента во промовирањето на родовата рамноправност преку образованието е стимулирање на учеството на учениците во наставните и воннаставните активности независно од полот/родот, односно стереотипните очекувања поврзани со полот/родот. Тоа се постигнува или со нудење специјални инсентиви (мотивации) за учество во активности кои се „полово/родово нетипични" (на пример, за момчињата изборниот предмет Готвење) или преку паралелно формирање на женски и машки групи за иста активност (како, на пример, спортски тимови).

Во новата Концепција за учебник и Методологија за вреднување на учебникот, се укажува на тоа дека ниту еден учебник не смее да содржи стереотипи за различни социјални групи и не смее да поттикнува предрасуди по било кој основ, вклучувајќи го овде, меѓу другите и родовиот. Во содржините треба да имаме текстови и илустрации каде подеднакво би биле застапени и третирани и жените и мажите.

Врз основа на спроведено истражување на 4.168 наставници, во ноември 2020, и врз основа на анализите од меѓународни релевантни организации и институции кои укажуваат на потребните од итни и неодложни реформи во образованието, изготвена беше нацрт - верзија на нова Концепција за основно образование.

Министерството за образование и наука во насока на подобрување на одобрените учебници во основните и средните училишта, изготви нацрт - верзија на нов Закон за учебници и други наставни и дидактички материјали во основно и средно образование, кој ќе допринесе за подобрен квалитет и осовременување на истите, но и елиминирање на секаков недискриминирачки материјал, по секој основ.

Согласно предлог Законот за учебници и други наставни и дидактички материјали во основно и средно образование член 6 став 6, во учебникот, наставниот и друг дидактички материјал се забранува секаква директна или индиректна дискриминација, повикување и поттикнување на дискриминација и помагање во дискриминаторско постапување по основ на пол, раса, боја на кожа, национално или етничко потекло, попреченост, род, сексуална ориентација, родов идентитет, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, други видови уверувања, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба и општествен статус или која било друга основа која е предвидена со закон или со меѓународен договор ратификуван согласно со Уставот на Република Северна Македонија. Во ставот 5 пак е уредено дека „со учебниците и другите наставни и дидактички материјали се промовира еднаквоста, почитувањето на човековите права, различноста, мултикултурализмот, демократијата, граѓанското учество и критичкото размислување" А во став 7 е уредено дека се забранува и секој облик на дискриминација во: содржината на учебниците и другиот наставен и дидактички материјал, пристапот до учебниците и другиот наставен и дидактички материјал, постапката за одобрување, ревизија и повлекување од употреба на учебниците и

изборот на авторите, издавачите и членовите на комисиите предвидени со овој закон. Исто така, предлог Законот предвидува во комисиите за разгледување и предлагање за употреба на учебниците, наставните и дидактичките материјали да има член кој го номинира Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, кој треба да има најмалку десет години искуство од областа на недискриминацијата, човекови права, родовата еднаквост и мултикултурализмот.

Во однос на постапката за ревизија на учебници во основно и средно образование, како изминатите години, така и во 2020 година, Министерството за образование и наука, Педагошката служба продолжи со постапката за ревизија, односно исправки и/или дополнувања во текстовите на учебниците, а истите да не преставуваат повеќе од 30% од содржината на учебникот по предмет,а во контекст на тоа учебниците повеќе да не содржат стереотипи, предрасуди, стигматизација од аспект на родова еднаквост, туку промоција и почитување на различностите и демократските вредности. Завршена е постапката за ревизија, односно исправки и/или дополнувања во текстот од учебникот по предметот Социологија за II, III и IV година, а истите не преставуваат повеќе од 30% од содржината.
Во однос на постапката за ревизија на учебници во основно и средно образование од аспект на родовата еднаквост и недискриминацијата, во 2020 година, од вкупно 47 наставни предмети предвидени за ревидирање, постапката е завршена за 29 наставни предмети.
Во 2020 година, повлечен е од употреба учебникот по Македонски јазик за петто одделение, поради несоодветна и дискриминирачка содржина. Во овој учебник се констатирани дискриминирачки текстови, но и примери коишто ја засилуваат родовата нееднаквост.
Врз основа на член 66 став 2 од Законот за основно образование беше донесено и Упатство за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување со број 18-6570/1 од 06.07.2020 година. При донесување на Упатството за постапката, за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство во основните училишта, многу убаво, табеларно, е прикажана категоризацијата на насилство од прв, втор и трет степен, исто така изготвен е и формулар за евиденција на насилството, како и формулар за план за заштита на жртвата од насилство без разлика на род, родов идентитет, општествен статус или кој било друг основ, како и промена на однесувањето на сторителот, преку кои по пат на прашања ќе се идентификува дали постои насилство и од кое ниво и категорија е истото.
Според податоците на Државниот завод за статистика, на почетокот на учебната 2020/2021 година, бројот на учениците во редовните основни училишта изнесува 187 555, што претставува зголемување за 0.2 % во однос на претходната учебна година. Бројот на учениците во редовните средни училишта, на почетокот на учебната 2020/2021 година, изнесува 71 811, што претставува зголемување за 2.6 % во однос на претходната учебна година

## ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ
## PRIMARY AND LOWER SECONDARY EDUCATION

### T-01: Основни податоци за основното образование[1], почеток на учебната 2020/2021 година
### T-01: Basic data on primary and lower secondary education[1], beginning of the school year 2020/2021

| | Училишта Schools | Паралелки Class sections | Ученици Students: вкупно total | Ученици Students: од тоа of which: ученички females | Ученици Students: од тоа of which: повторувачи repeaters | Наставници Teachers: вкупно total: сè all | Наставници Teachers: вкупно total: жени women | Наставници Teachers: со полно работно време full-time: вкупно total: сè all | Наставници Teachers: со полно работно време full-time: вкупно total: жени women | Наставници Teachers: со полно работно време full-time: од тоа на определено време of which for definite time | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Редовни основни училишта** | | | | | | | | | | |
| | **Regular primary and lower secondary schools** | | | | | | | | | | |
| **Вкупно** | | | | | | | | | | | **Total** |
| 2019/2020 | 981 | 10 931 | 187 240 | 90 500 | 260 | 18 221 | 12 862 | 15 490 | 11 145 | 2 537 | 2019/2020 |
| 2020/2021 | 973 | 11 086 | 187 555 | 90 669 | 118 | 18 732 | 13 076 | 15 813 | 11 319 | 2 669 | 2020/2021 |
| Од тоа приватни училишта | 6 | 99 | 1 420 | 624 | - | 208 | 162 | 182 | 144 | 117 | Of which private schools |
| 2020/2021 / 2019/2020 | 99.2 | 101.4 | 100.2 | 100.2 | 45.4 | 102.8 | 101.7 | 102.1 | 101.6 | 105.2 | 2020/2021 / 2019/2020 |
| | **Специјални основни училишта** | | | | | | | | | | |
| | **Special primary and lower secondary schools** | | | | | | | | | | |
| **Вкупно** | | | | | | | | | | | **Total** |
| 2019/2020 | 43 | 186 | 732 | 260 | 11 | 295 | 244 | 263 | 222 | 26 | 2019/2020 |
| 2020/2021 | 42 | 181 | 706 | 256 | 3 | 286 | 225 | 261 | 210 | 31 | 2020/2021 |
| 2020/2021 / 2019/2020 | 97.7 | 97.3 | 96.4 | 98.5 | 27.3 | 96.9 | 92.2 | 99.2 | 94.6 | 119.2 | 2020/2021 / 2019/2020 |
| | **Основни училишта за возрасни** | | | | | | | | | | |
| | **Adult schools** | | | | | | | | | | |
| **Вкупно** | | | | | | | | | | | **Total** |
| 2019/2020 | 12 | 33 | 378 | 150 | - | 45 | 23 | 31 | 15 | 11 | 2019/2020 |
| 2020/2021 | 12 | 33 | 364 | 114 | - | 45 | 23 | 33 | 18 | 12 | 2020/2021 |
| 2020/2021 / 2019/2020 | 100.0 | 100.0 | 96.3 | 76.0 | - | 100.0 | 100.0 | 106.5 | 120.0 | 109.1 | 2020/2021 / 2019/2020 |

[1] Во податоците за запишани ученици во учебната 2016/17 година, за прв пат се вклучени и податоци за приватните основни училишта во Република Северна Македонија.

[1] Data on enrolled students in the school year 2016/17 include for the first time data on private primary schools in the Republic of North Macedonia.

СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ

UPPER SECONDARY EDUCATION

Т-04: Основни податоци за средното образование, почеток на учебната 2020/2021 година

T-04: Basic data on upper secondary education - beginning of the school year 2020/2021

| | Училишта Schools | Паралелки Class sections | Ученици Students вкупно total | од тоа of which ученички females | повторувачи repeaters | Наставници Teachers вкупно total сè all | жени women | со полно работно време full-time вкупно total сè all | жени women | од тоа на определено време of which for definite time | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | **Редовни средни училишта Regular upper secondary schools** | | | | | | | |
| Вкупно | | | | | | | | | | | Total |
| 2019/2020 | 130 | 3 523 | 69 980 | 33 683 | 128 | 7 345 | 4 493 | 6 422 | 3 908 | 1 085 | 2019/2020 |
| 2020/2021 | 128 | 3 544 | 71 811 | 35 200 | 37 | 7 142 | 4 384 | 6 260 | 3 803 | 1 112 | 2020/2021 |
| Од тоа приватни училишта | 10 | 100 | 1 330 | 584 | - | 197 | 129 | 152 | 105 | 64 | Of which private schools |
| 2020/2021 / 2019/2020 | 98.5 | 100.6 | 102.6 | 104.5 | 28.9 | 97.2 | 97.6 | 97.5 | 97.3 | 102.5 | 2020/2021 / 2019/2020 |
| | | | | **Специјални средни училишта Special upper secondary schools** | | | | | | | |
| Вкупно | | | | | | | | | | | Total |
| 2019/2020 | 4 | 57 | 222 | 69 | - | 83 | 42 | 67 | 35 | 8 | 2019/2020 |
| 2020/2021 | 4 | 59 | 232 | 75 | - | 83 | 40 | 72 | 32 | 7 | 2020/2021 |
| 2020/2021 / 2019/2020 | 100.0 | 103.5 | 104.5 | 108.7 | - | 100.0 | 95.2 | 107.5 | 91.4 | 87.5 | 2020/2021 / 2019/2020 |
| | | | | **Средни верски училишта Upper secondary religious schools** | | | | | | | |
| Вкупно | | | | | | | | | | | Total |
| 2019/2020 | 2 | 12 | 200 | - | - | 36 | 1 | 36 | 1 | 1 | 2019/2020 |
| 2020/2021 | 2 | 12 | 185 | - | - | 37 | 1 | 36 | 1 | 1 | 2020/2021 |
| 2020/2021 / 2019/2020 | 100.0 | 100.0 | 92.5 | - | - | 102.8 | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 2020/2021 / 2019/2020 |

Во текот на 2020 година Министерството за одбрана продолжи со спроведување на родово одговорно буџетирање за избраната програма – Воена академија (2018-2020). Со цел поттикнување на поголем интерес за студирање на Воената академија, Министерството за одбрана во периодот 2018 – 2020 година спроведе активности – популаризација на воената служба за привлекување на персонал за прием во Армијата. Во рамки на популаризацијата на воената професија беше опфатена и Воената академија, односно охрабрување за школување на Воената академија. Проектот е реализиран преку средби и запознавање на ученичките и учениците во средните училишта низ државата.

Запишувањето на Воената академија за учебната 2020/2021 година се спроведе во еден уписен рок, со еднаква можност и за средношколките и за средношколците за конкурирање и остварување на студентските права. При објавување на конкурсот за запишување на Воената академија и при постапката на селекција, критериумите за сите пријавени кандидати/кандидатки беа еднакви и се водеше сметка за соодветна и правична застапеност и почитување на еднаквите можности на жените и мажите.

| Год. | Пријавени кандидатки/кандидати од Република Северна Македонија | | | | | Примени питомки/ци од Република Северна Македонија | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Мажи | % | Жени | % | Вк. | Мажи | % | Жени | % | Вк. |
| 2018 | 69 | 70% | 30 | 30% | 99 | 22 | 67% | 11 | 33% | 33 |
| 2019 | 46 | 77% | 14 | 23% | 60 | 19 | 68% | 9 | 32% | 28 |
| 2020 | 52 | 67% | 25 | 33% | 77 | 13 | 52% | 12 | 48% | 25 |

Во учебната 2020/2021 година се бележи зголемен одзив за пријавување по огласот за прием на питомци од Република Северна Македонија споредбено со претходната учебна година. Вкупно се пријавени 77 кандидати. Процентот на пријавени кандидати е 67% , а за кандидатки е 33 % . Споредбено со претходните две години се бележи континуирано зголе- мување на процентот на пријавени кандидатки во однос на вкупниот број на сите пријавени и тоа зголемување за 3% споредбено со 2018 година и за 10% зголемување во однос на 2019 година.

Во учебната 2020/2021 година процентот на примени питомки е 48 % и 52% на примени питомци. Споредбено со претходните две години се бележи значителен пораст на бројот, односно процентот на примени питомки и тоа: зголемување за 15 % во однос на 2018 година и зголемување за 16 % во однос на 2019 година. Во согласност со поставениот аутпут индикатор - задржување на веќе достигнатиот процент на запишани питомци/ки (30 – 40%) евидентно е дека истиот е исполнет и воедно е надминат, односно е постигнат досега највисок процент на запишани питомки, кој изнесува 48 %.

Родово разделени податоци на вкупно запишани питомци/ки во 2020/2021 година

| | Република Северна Македонија | | | Друга држава ( БиХ, Црна Гора и Косово) | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно |
| Запишани | 13 | 12 | 25 | 7 | 8 | 15 |

Во извештајот за 2020 година доставен од страна на Министерството за внатрешни работи се нотира дека министерството води родово разделени-статистички податоци за учесници на разни видови на стручни усовршувања. При тоа, во текот на 2020 година 87,08 учесници на стручни усовршувања биле мажи, а 12.92% биле жени учеснички. Во Центарот за обука при Министерството за внатрешни работи се спроведуваше основна обука за полицајци. На обуката се упатени 83,53% мажи и 16,47% се жени. Со кандидатите за полицаец кои успешно ќе ја завршат основната обука, во текот на 2021 година Министерството за внатрешни работи ќе склучи Договор за вработување.

Во наставната програма за Основна обука за полицаец континуирано се инкорпорираат теми кои имаат за цел зголемување на стручноста во постапувањето од родов сензитивен аспект. Исто така во дел од наставната програма за Основна обука за полицаец во поглавјето Етичко однесување и почитување на човековите права при полициско постапување се инкорпорирани теми кои имаат цел зголемување на стручноста во постапувањето од родов сензитивен аспект. Овие теми во зависност од потребите се адаптираат и за континуирани обуки за вработените во министерството.

Во делот на обуки од страна на Бирото за јавна безбедност се реализираа обуки на темата "Обезбедување родово сензитивни услуги за поддршка на лицата кои претрпеле семејно насилство" на која присуствувале 13,73% жени и 86,2% мажи.

Министерството за внатрешни работи континуирано врши доплнувања во делот за „родова еднаквост" на официјалната веб страна на Министерството.

Во текот на изминатата година министерствот ги спроведе предвидените обуки по Прирачникот за обука за професионалци за родово сензитивно обезбедување услуги на жртвите. Во 2020 година оваа обука ја поминале 335 полициски службеници од кои 46 жени и 289 мажи, исто така го имплементира родовиот концепт во Одделот за специјални полициски операции, преку примена на правни прописи за проверка за физичката подготвеност на полициските службеници во Единицата на специјални задачи и единиците за брзо распоредување кои се родово сензитивни.

### *2.2.2 Спорт*

Податоците доставени од страна на **Агенцијата за млади и спорт** за 2020 година покажува подобрувања на нашата домашна спортска сцена во однос на вклучувањето на девојчињата и жените во спортот. Во Агенцијата за млади и спорт беа регистрирани 4 женски фудбалски клубови, а во натпреварувачката година 2020-2021 во Фудбалската федерација на Македонија се регистрирани вкупно 1505 девојчиња кои се занимаваат со фудбалска игра. Исто така, по долгогодишно отсуство на национален одбојкарски женски тим, Одбојкарската федерација на Македонија, преку неколку одбојкарски школи и стручен тим од мажи и жени тренери, формира состав на национален тим во младинска конкуренција до 19 години.

Добар индикатор секогаш претставува бројот на вклученоста на девојчињата во екипните спортови кошарка, ракомет и одбојка, бидејќи националните спортски федерации во овие спортови секогаш приближно го определуваат бројот на момчињата и девојчињата во смисла на симетричен број, но сепак тоа зависи од одредени критериуми кои секоја федерација го има утврдено со акт-правилник, пропозиции и т.н. а, кои се однесуваат на фактот колкава минутажа спортистката игра во едно полувреме, колку ефективни поени постигнува во одредено полувреме, како и други специфики.

Во индивидуалните спортови: пинг понг, тенис, спортски танци, лизгачки спортови (спортови во кои се игра и во парови), потоа пливање, веслање, националните спортски федерации предложиле идентичен број на девојчиња и момчиња, понатаму предложени се само девојчиња, или бројот на девојчињата е поголем од момчињата, што претставува исто така добар показател.

Во спортовите: бокс, борење, кајак, џудо, велосипедизам, кендо и иаидо, аикидо, предложени се само момчиња, па оттаму, неможеме да зборуваме за добар напредок или приближување на бројот на доделените стипендии кај девојчињата и момчињата. За жал, бројот на вклученост на девојчињата во спортовите во боречки вештини - бокс, борење, кендо и иаидо, аикидо, засега воопшто не постои заинтересираност, но затоа пак во спортовите: карате, традиционално карате, кик бокс, постои огромна заинтересираност па девојчињата и ги практикуваат овие спортови.

Оваа година Националната спортска федерација на инвалидизирани лица од вкупно 5 спортисти, предложиле 2 спортистки, Националната спортска федерација за лица со оштетен вид предложила 1 спортистка, што значи дека полека, но сигурно и во овие федерации кои организираат комплексен систем на натпреварување се вклучуваат и девојчињата.

Агенцијата за млади и спорт во досегашното искуство преку свои програми иницира наоѓање на модели на подагошки мерки и механизми за надминување на оваа состојба односно зголемено учество на девојчињата во спортот.

Стручните тимови кои се вклучени во тренажниот процес и кои се дел од работењето на националните спортски федерации ги составувааат официјалните Ранг-листи на спортистките и спортистите, придржувајќи се првенствено на актите од соодветниот спорт, а потоа и кон одредбите од Уредбата, во која се уредени правилата, условите и критериумите за доделување на оваа спортска категорија, а тие се:

1.Категоријата спортист – спортска надеж, се доделува на спортисти членови на националните спортски федерации кои реализираат национален спортски систем на натпревари и учествуваат во меѓународниот систем на натпревари за возрасни категории до 20 години.

2.Категоријата спортист – спортска надеж се доделува на спортисти во индивидуални спортови врз основа на остварени спортски резултати и врз основа на подготвена Ранг-листа на најуспешните млади спортисти до 20 години од соодветниот спорт од страна на националните спортски федерации.

3.Категоријата спортист – спортска надеж се доделува на спортисти во екипните спортови врз основа на составот на националните тимови до 20 години и врз основа на подготвена Ранг-листа на најуспешните млади спортисти до 20 години

од соодветниот спорт, подготвени од страна на националните спортски федерации.

Податоците доставени од Агенцијата за млади и спорт покажуваат дека во 2020/2021 година, доделени се 500 стипендии што е оптималниот утврден број на стипендии кои се доделени на годишно ниво, девојчињата – спортиски опфаќаат 39% , што досега претставува најголем процент на вклученост во системот на натпревари. Во периодот на 2018/2019 доделени биле 491 стипендија од кои 160 на девојчиња.

*2.2.3 Комуникации*

Со оглед на предвидените интервенции во родово буџетската изјава на **Министерството за информатичко општество и администрација** за периодот 2020-2022 година, министерството започна со надградбата на Електронскиот систем за управување со учењето, со цел да се обезбеди можност за проширување со приклучувања на нови институции, додавање на нови функционалности и нови е-обуки. Со оваа надградба ќе се зголеми бројот на е - обуки достапни до вработените како и централно мониторирање на посетеноста на е-обуките. Истовремено, со надградбата на Електронскиот систем ќе се зголеми бројот на обучени административни службеници кои ќе ја завршат е - обуката за еднакви можности од вкупниот број на вработени административни службеници во институциите во Република Северна Македонија.

Имајќи ја предвид заложбата на Владата на Република Северна Македонија за подигнување на свеста за областа на родовата еднаквост помеѓу сите вработени во државната администрација, се очекува периодот за реализацијата на Е – обуката за родова еднаквост да заземе се поголеми размери.

Распределбата на вработените во јавниот сектор според полот[3] покажува дека од вкупно 111.589 вработени во јавниот сектор, жени се 61.180 односно 54,83%, додека мажи се 50.409, односно 45,17%. Доколку се анализира распределбата на мажите и жените по вид и дејност на институции може да се заклучи дека жените се најмногу застапени во Уставниот суд на Република Северна Македонија, каде процентуално учествуваат со 90 %. Сепак, бројот на вработени во Уставниот суд е многу мал за да влијае на генералната слика на половата застапеност. Оттука како вид на институции во кои жените се најмногу застапени ги издвојуваме Судскиот совет и Совет на јавни обвинителства. Од друга страна пак најголема застапеност на мажите има во јавните претпријатија (83.28%), и во институции од дејноста животна средина (87.72%), што пак имајќи ја во предвид бројката на вработени во претпријатијата влијае во огромна мера на балансот на полова застапеност на ниво на цел јавен сектор. Генерално, жените се позастапени во речиси сите видови на институции. Сепак, треба да се има во предвид дека од вкупната бројка на вработени во јавен сектор која се анализира по структура, изземени се Армијата на Република Северна Македонија, овластените службени лица во Министерството за внатрешни работи и органот во состав на министерството, Агенцијата за

[3]https://www.mioa.gov.mk/sites/default/files/pbl_files/documents/reports/izvestaj_registar_2020_rev.1.01.pdf

разузнавање, Агенцијата за национална безбедност и органот во состав на Министерството за финансии – Управа за финансиска полиција во кои мажите се позастапени.

### 2.2.4 Култура

Во програмата на **Министерството за култура** за 2020 година од 856 финансирани изданија, 250 се од жени-авторки, што е околу 30 % од вкупниот број поддржани книги/изданија. Во однос на електронските изданија, од 28 поддржани 8 се издвоени како проекти кои се управувани од жени или обработуваат родови теми. Министерстсвото во 2020 година како активна мерка во конкурсните формулари по дејностите кои се финансираат со Годишните конкурси за финансирање проекти од национален интерес во културата[4], воведе графа со која се собираат информации за полот на подносителот и учесниците во проектот.

### 2.2.4 Медиуми

Во текот на 2020 година **Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** посветено работеше на родовите прашања во рамките на своето работење. Редовното годишно истражување за третманот на родовите прашања и претставувањето и прикажувањето на жените и мажите беше посветено на анализа на родовиот аспект на известувањето/информирањето за изборите, односно беше спроведено врз примерок од програми и други содржини емитувани во време на изборната кампања за Предвремените парламентарни избори 2020 година. Оваа анализа е завршена во март 2021 година. Истовремено, анализата на состојбата зад екранот освен досегашните анализи на родовата структура на сопственоста и вработените, во 2020 година за првпат опфати и анализа на родовата структура на платите во радиодифузијата. На овој начин, истражувањето на контекстот во сферата на радиодифузијата од родов аспект е целосно заокружено.

За време на Деновите на медиумска писменост 2020г., Агенцијата ја организираше дебатата „Род, плати, радиодифузија" на која по претставувањето на резултатите од истражувањето за родовата структура на платите во радиодифузијата се одржа дебата во која учествуваа претставници на Министерството за труд и социјална политика, Самостојниот синдикат на новинарите и медиумските работници, Здружението на новинарите на Македонија и на Платформата за истражувачко новинарство и анализи – ПИНА.

Во декември 2020 година, вработени во АВМУ, заедно со претставници на Советот на етика во медиумите ја следеа онлајн Работилницата за регулаторното тело за медиуми и саморегулаторното тело за етика во медиумите за регулација, саморегулација и мониторинг на примената на стандардите за известување во

[4] http://kultura.gov.mk/godisni-konkursi-za-finansiranje-proekti-od-nacionalen-interes-po-oddeleni-dejnosti-i-oblasti-od-kulturata-za-2021-godina/

случаите на родовобазирано насилство во медиумите. Работилницата беше реализирана како дел од втората фаза од проектот ЈУФРЕКС „Слобода на изразување и слобода на медиумите во Република Северна Македонија", заеднички реализиран од Советот на Европа и Европската унија.

Во Програмата за работа на Агенцијата за 2020 година, во делот Анализи и истражувања, предвидено беше да се изработи Анализа на родовите прашања и на начинот на прикажување и претставување на жените и мажите во програмите на роадиодифузерите. Истражувањето, насловено „Родот во изборната кампања 2020: Анализа на родовите прашања и начинот на прикажување и претставување на жените и на мажите во изборното медиумско претставување на националните телевизии", беше реализирано од истражувачки тим на Институтот за демократија Социетас цивилис-Скопје во соработка со вработени во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни и медиумски услуги. Ваквата анализа се презентираше на првиот јавен состанок на Агенцијата за 2021 година. Сите информации за реализираните истражувања како и за другите активности (обуки, дебати, презентации) се објавени на посебниот дел за Родот и медиумите на веб страницата на АВМУ, т.е. на линкот: https://avmu.mk/rodot-i-mediumite-art/ Исто така, сите истражувања се публикувани во печатена верзија.

Од Горенаведената анализа Агенцијата дојде до следните заклучоци:

„- Медиумското покривање на изборната кампања за Парламентарните избори во јули 2020 година, забележително тежнееше кон промоција на мажите – кандидати за пратеници и машкиот поглед и експертиза за случувањата околу изборите.

- Кандидатките беа ставени во сенка на своите колеги мажи, имаа помалку пристап до различните форми на промоција на нивните платформи и нивните профили и пораки остануваа анонимни, односно нечуени и невидени од јавноста.

- Доминацијата на мажите, кои се јавуваа во улога на експерти, аналитичари или друг вид говорници на теми поврзани со изборите, дополнително ја поддржува стереотипната перцепција во јавноста дека политиката е „машка професија".

- Во сите типови медиумски содржини, генерално доминираа мажите. Овој заклучок се однесува на машката доминација во визуализацијата, но и во однос на бројноста на мажите како директни говорници и времетраењето на нивното прикажување и излагање.

- Родовите прашања се наоѓаа на маргините на кампањите на политичките субјекти. Нивната застапеност во медиумската промоција на политичките програми беше занемарлива, додека и онаму каде што се споменуваше, беше доста генерализирана, без да се конкретизира во механизми и алатки за нејзино постигнување.

- Поради генерално ниското учество на жените во дневноинформативните емисии, дебатите и интервјуата, како и во спотовите и ППР со снимки од настани, нивните ставови беа значително помалку застапени на сите теми. Ако ги подредиме темите според зачестеноста на појавување, жените најчесто зборуваа за: избори/тек на кампања, економија, правосудство, здравство, корупција, финансии, надворешна политика и образование, а мажите најчесто зборуваа за: избори/тек на кампања, економија, здравство, правосудство, надворешна политика, финансии, корупција и образование. Како што може да се види, нема стереотипна поделба во поглед на темите за коишто најчесто зборуваа жените и мажите, но бројот на жени коишто зборуваа на некоја од овие теми и поќекратно помал од бројот на мажи. Овие

податоци покажуваат дискрепанца меѓу темите на кои најчесто зборуваат жените за време на изборната кампања и фактот дека во Собранието, најчесто се вклучени во оние тела кои како своја област на делување ја имаат сферата на секојдневниот живот – образованието, културата, социјалната политика и еднакви можности на жените и на мажите.

- Стереотипните родови улоги во општеството се пренесуваа и во медиумската покриеност на изборната кампања.

- Родовата стреотипизација најчесто беше присутна во платените политички реклами. Таа се забележуваше во однос на општествените улоги на жените и на мажите, особено во делот на грижата за семејството, храброста и херојството и професиите.

- Ваквата поставеност на медиумското известување во однос на изборната кампања во голема мера е паралелна и со родовиот (дис)баланс во медиумското известување во светот, генерално.

Со оглед на фактот дека, за да се унапреди родовата еднаквост - во смисла на посуштинско учество и претставување на жените во политиката, особено поради важноста нивниот глас да биде чуен и засилен за време на изборната кампања, клучна е улогата на медиумите како четврти столб на демократијата. Затоа во истражувањето се дадени следниве препораки:

„- Ревидирање на практиките на начинот на известување во однос на политичките избори. Потребно е воведување на родовата перспектива во сите емисии, преку кои ќе се овозможи еднаква застапеност, како на женските и на машките кандидати за политичка функција, така и на женскиот и на машкиот поглед во однос на прашања поврзани со изборите;

- Родово сензибилизирање на медиумските работници/работнички со цел воведување практика за новинарско известување низ призмата на родовите прашања, регуларно застапување на теми поврзани со родовите прашања и родово балансирање на гостите, односно соговорниците/соговорничките во емисиите;

- Родово сензибилизирање на уредничките/уредниците на медиумите и на информативните програми со цел да се зголеми веројатноста за продукција на медиумски прилози презентирани од родов аспект;

- Родово сензибилизирање на политичките партии со цел поголемо и поактивно вклучување на жените во нивните политички кампањи (особено жените кандидатки за политичка функција) и поактивна и посуштинска посветеност на родовите прашања

- Охрабрување и зајакнување на капацитетите на политичарките за вклучување во сите сфери на управување во државата преку поголема вклученост во медиумскиот простор и од страна на медиумите и од страна на политичките партии;

- Внимателно конципирање на содржините на платеното политичко рекламирање, креирано од страна на политичките субјекти со цел спречување медиумска промоција на реклами со стереотипни содржини или визуализација.“

***

Имајќи предвид дека за да се согледа целовитоста на прашањето на родот во медиумите, не е доволно да се проучи само какви родови улоги, предрасуди и стереотипи им се пренесуваат на гледачите, туку и во каков контекст се создаваат и емитуваат тие програми, Агенцијата и во 2020 година ја продолжи својата практика да ги проучува појавите и на екранот и зад него. Во контекст на своите активности за обезбедување родово разделени податоци за структурата на сопственоста и на вработените во аудио и аудиовизуелната индустрија, согласно член 18 од Законот за еднакви можности на жените и мажите преку две истражувања беше комплетиран увидот во состојбата на контекстот во кој се креираат медиумските содржини. Во едното беа проучени родовата структура на сопственоста и на вработените во радиодифузијата, а во другото - висината на нивните примања.

Во публикацијата – „Родот во телевизиите и радијата: Кој ги носи одлуките, а кој ги спроведува?"[5] се опфатени податоци за родовата структура на сопственоста за 2019 година, како и за структурата на вработените во телевизиите и радијата за 2018 година, вклучувајќи споредбени податоци со другите години (почнувајќи од 2012 година). Во публикацијата за прв пат се опфатени сите радија и телевизии (јавни и приватни, на национално, на регионално и на локално ниво) вклучувајќи ги оние чии основачи се правни лица, односно, беше направена мета-анализа со која се утврди родот на сопствениците на фирмите – основачки. Онлајн изданието на оваа публикација беше објавено на 25 септември (на сајтот на Агенцијата), а потоа беше испечатено и доставено до Собранието, до МТСП како и до Државниот завод за статистика.

Преостанатиот контекстуален сегмент кај радиодифузерите – платите, беше за првпат разработен во публикацијата „Анализа на родовата структура на платите во радиодифузијата за 2019 година"[6]. Резултатите беа презентирани на онлајн настанот „Род, плати и радиодифузија" кој се одржа на 2 ноември, во рамките на Деновите на медиумска писменост 2020г.

Од анализираните податоци од страна на Агенцијата, евидентна е разликата помеѓу бројот на мажи и жени на раководните позиции и во телевизиите и во радијата. Од вкупно 57 управител(к)и/директор(к)и во радијата, 40 се мажи, а 17 се жени. Кај телевизиите односот на мажи – жени на раководните места е уште подрастичен. Од вкупно 50 управител(ки)/директор(к)и, 41 се мажи, а само 9 се жени. Сите 8 раководни лица кои пријавиле приходи поголеми од 50.000 денари се мажи. Од нив 7 се управители/директори на националните телевизии, додека еден управител на локално радио пријавил приходи над 50.000 денари.

Состојбата пак, кај уредници/чките и новинар(к)ите е поразлична од таа кај раководните функции. Разликата помеѓу уредници и уреднички е многу помала,

---

[5] Истражувањето „Родот во телевизиите и радијата: Кој ги носи одлуките, а кој ги спроведува?" е целосно достапно на македонски јазик на: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2020/09/Rodot-vo-TV-i-RA-Koj-gi-nosi-a-koj-gi-sproveduva-odlukite-FINALNA-za-veb-1.pdf додека, поради неговата обемност, на албански и на англиски јазик е преведен извадок. Извадоците се исто така достапни на соодветните јазични верзии на веб сајтот на АВМУ, во делот за Родот и медиумите.

[6] „Анализа на родовата структура на платите во радиодифузијата за 2019 година" е достапна ваб сајтот на АВМУ на македонски, албански и англиски јазик. До македосната верзија се пристапува на следниот линк: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2020/11/Rod-i-plati-vo-radiodifuzija-MK-web-1.pdf

евидентирани се 105 мажи и 90 жени кај сите радија и телевизии кои доставиле податоци, додека пак евидентирани се повеќе новинарки (419) од новинари (270).

Во основа, примањата кај сите категории вработени се ниски, честопати околу државниот просек (25.836 денари), неретко околу минимумот (14.500 денари)[7], а некогаш и под 12.000 денари. Она што загрижува, како од аспект на родот, така и од аспект на професионалноста, е тоа што значителен дел од новинар(к)ите во приватните медиуми на сите нивоа, всушност имаат многу ниски месечни примања. Платите не им нудат финансиска стабилност и не се во прилог на обезбедувањето мотивација за создавање квалитетни новинарски производи, за воведување на родот во главните токови во известувањето и прифаќањето на родот како валиден аспект при новинарската обработка на темите, но и за гарантирање на нивната отпорност кон притисоци од различни центри на моќ.

Податоците за техничкиот и реализаторскиот кадар како и во досегашните анализи на Агенцијата така и во оваа, покажуваат дека во овие сектори доминантно се вработени мажи. Кај техничкиот кадар евидентирани се 229 мажи и 47 жени, а пак кај реализаторскиот - 467 мажи и 110 жени. Кај националните и регионалните радија во техничкиот кадар воопшто не се евидентирани жени. Во однос на вкупниот број на преостанат кадар вработен во радиодифузијата, разликата помеѓу мажите (186) и жените (192) е незначителна.

Оваа анализа освен што дава приказ за висината на платите во контекст на родовата структура на вработените во медиумите, даде и значајни показатели за незавидната состојба со платите кај медиумските работници. ...

Несомнено, со оваа анализа се потврдува тезата дека потребно е уште многу работа за подобрување на работничките права на медиумските работници, професија која е клучна во штитењето на јавниот интерес во секое демократско општество."

Освен што беше објавена онлајн, оваа публикација беше отпечатена на македонски, албански и англиски јазик и доставена до Собранието и Министерството за труд и социјална политика.

На крајот од 2020 година беа изработени три инфографици во кои беа популаризирани наодите од истражувањата на Агенцијата за родовата структура на сопственоста, на вработените и на платите. Инфографиците беа објавени на Фејсбук страниците на Агенцијата[8] и на Мрежата за медиумска писменост.

### *2.3 Застапеноста на пазарот на труд и економско јакнење на жените*

Во однос на економското јакнење на жените **Министерството за финансии** преку реализација на проектите „Купи куќа, купи стан" и „Купи куќа за млади" субвенционира станбени кредити. Според првиот аутпут индикатор во 2020 бројот на одобрени станбени кредити на жените е намален за 11,5%, во однос на 2019 година, што главно се должи на пандемијата предизвикана од корона

[7] Податоците за минималната и просечната плата на кои се реферира се однесуваат на декември 2019 година).

[8] Објавата и инфографиците во кои се сублимирани најважните податоци од анализите се достапни на Фејсбук страната на АВМУ на: https://www.facebook.com/agencijazaaudioiaudiovizuelnimediumskiuslugi/posts/2878759759074350

вирусот и воздржаноста н а населението од трошење и задожување на период на криза. Имено , во 2020 година намален е и вкупен број на стабени кредит одобрени преку проектот „ Купи куќа , купи стан”( пад од 14%), како и бројката на одобрени субвенционирани стамбени кредити за лица од машки пол (пад од 15,4%).
- Бројот на одобрени кредити на жени кои се во брак во последните две години се зголемуваат, при што во 2020 година бројот на одобрени станбени кредити кои се во брак е зголемен за 10% во однос на 2019 година.
Бројот на одобрени кредити кај невенчаните жени во 2018 и 2019 година се зголемува , додека во 2020 година истиот е намален за 25% во однос на 2020 година. Според вториот аутпут идикатор може да се констатира дека најголем број на одобрени кредити за лица од женскиот пол има во групата на месечни примања од 500 до 600 евра, потоа следуваат групите од 600 до 700 евра, 400 до 500 евра и 300до 400 евра.

### *2.3.1 Женско претприемништво*

Според податоците на Државниот завод за статистика, во 2020 година, активното население во Република Северна Македонија изнесува 950 858 лица, од кои вработени се 794 909, а 155 949 лица се невработени.
Стапката на активност во овој период е 56.4, стапката на вработеност 47.2, додека стапката на невработеност изнесува 16.4.

**Т-01: Активно население и стапки на активност[1)]**
**T-01: Labour force and activity rates[1)]**

| | Вкупно работоспособно население Total working age population | Активно население Labour force | | | Стапка на активност Activity rate | Стапка на вработеност Employment rate | Стапка на невработеност Unemployment rate |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | вкупно Total | вработени Employed | невработени Unemployed | | | |
| 2019 | 1 684 820 | 964 014 | 797 651 | 166 363 | 57.2 | 47.3 | 17.3 |
| 2020/I | 1 685 236 | 967 733 | 811 106 | 156 627 | 57.4 | 48.1 | 16.2 |
| 2020/II | 1 685 909 | 953 039 | 793 416 | 159 623 | 56.5 | 47.1 | 16.7 |
| 2020/III | 1 685 741 | 941 136 | 785 561 | 155 575 | 55.8 | 46.6 | 16.5 |
| 2020/IV | 1 685 468 | 941 524 | 789 552 | 151 972 | 55.9 | 46.8 | 16.1 |
| 2020 | 1 685 589 | 950 858 | 794 909 | 155 949 | 56.4 | 47.2 | 16.4 |

[1)] Поради пресметките од примерокот и извршените заокружувања на пресметаните резултати на единици, понекогаш се можни мали отстапувања на оцените кај вкупното од резултатите добиени со сумирање на одделни ставки што ги составуваат збировите.

[1)] Because of calculations of the sample and rounding up calculated results to one number, sometimes deviations are possible in the total of the results that are obtained by summing up individual items.

Во годишниот извештај за 2020 година кој е објавен на веб страната на Агенцијата за вработување подетално може да се види состојбата на пазарот на трудот.[9]
Агенцијата за вработување на РСМ во рамки на проектот финансиран од ЕУ „Подобрување на условите за работа“, кој треба да овозможи техничка помош за Министерството за труд и социјална политика при решавањето на предизвиците поврзани со создавањето на поправедна околина на пазарот на трудот, борбата против непријавената работа и справувањето на различните позиции на мажите и жените на пазарот на трудот, АВРСМ учествуваше во организирање на 2 фокус

[9]https://av.gov.mk/content/%D0%98%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98%20%D0%BD%D0%B0%20%D0%90%D0%92%D0%A0%D0%A1%D0%9C%202020%20-%20%D0%B3%D0%BE%D1%82%D0%BE%D0%B2%20%D0%B7%D0%B0%20%D0%B2%D0%B5%D0%B1.pdf

групи со невработени млади жени до 29 години. Улогата на АВРСМ беше да номинира и обезбеди невработени млади жени од центрите за вработување: на град Скопје, Тетово, Битола и Штип за учество во on-line организирани фокус групи кои се одржаа во месец август 2020 година. Во Националниот план за акција за родова еднаквост 2018-2020, за периодот од 2018 до 2020 година е определено дека за постигнување на Специфична стратешка цел 2.3: Подобрување на политиките и мерките со цел надминување на пречките за зголемена вработеност на жените, резултат - Унапредени политики и мерки за зголемување на вработеноста кај жените, активност - Спроведување на теренски активности (јавни дебати, информативни средби) за мерките предвидени во ОП за вработување со жените во урбаните и руралните општини за промоција на мерките за вработување и самовработување, одговорна институција е АВРМ а соработници МЛС, ЕЛС, ГО.

-Теренски активности со жените во урбаните и руралните општини за промоција на мерките за вработување и самовработување како што е предвидено во Националниот план за акција за родова еднаквост 2018-2020, во 2020 година не се спроведени.

-Согласно Опреативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2020 година, од страна на центрите за вработување спроведени се:

-Инфо средби на кои невработените лица се информираат за активните програми и мерки за вработување во кои учествувале 462 невработени лица од кои 194 (42%) биле жени како и

-Мотивациски обуки кои имаат за цел да се зголеми мотивираноста и самодовербата кај невработените лица активно да бараат работа, со кои беа опфатени 380 невработени лица, од кои 159 (41,84%) жени.

Информирањето на невработените лица за активните програми и мерки за вработување и услугите за вработување кои ги спроведува АВРСМ се реализираше и преку сите останати видови услуги кои ги обезбедуваше АВРСМ, веб порталот на АВРСМ, преку печатени и електронски медиуми како и низ секојдневните контакти со вработените во центрите за вработување.

Во Опреативните планови за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот од 2018 до 2020 година, во одредени програми и мерки направени се одредени поволности за охрабрување и олеснување на пристапот на жени во истите, како на пример:

-Во Ревидираниот оперативниот план 2020 година (месец септември), во мерка 1.А Поддршка за самовработување (претприемништво) и формализација на постојни бизниси во услови на „Ковид-19" е предвидено во процесот на селекција да бидат доделени дополнителни поени на апликации (деловни планови) за: (само)вработување на жени, (дополнителни поени за самохрани мајки, жени со мали деца);

-Во програмата за Самовработување во 2018, 2019 и 2020 година е предвидено обезбедување на советодавна/менторска поддршка во период од 12 месеци од основањето на бизнисот покрај на лицата со попреченост и припадниците на ромската заедница и на жени од ранливи категории (приматели на социјална помош, жртви на семејно насилство, жртви на трговија со луѓе, самохрани мајки и социјално исклучени жени по основ на технолошки вишок и стечај).

-Во мерката Субвенционирање на плати која има за цел поддршка за вработување на невработени лица што потешко се вклучуваат на пазарот на трудот во 2019 и 2020 година, како целна група кон кои е насочена истата се и жените припадници на ромската етничка заедница и на останатите етничките заедници.
-Во мерките Практиканство и Обука кај познат работодавач во 2019 и 2020 година во критериумите за учество за работодавачи, овозможени се поволности за работодавачите доколку ангажираат/вклучуваат во обука/практиканство жени од ромската етничка заедница.

**Министерството за економија** спроведува финансиска поддршка на жени претприемачи, субвенционира претпријатија што се во сопственост на жени и со кои управуваат жени. Во 2020 г. со оваа мерка биле поддржани 11 апликантки со 1.068.206,00 денари. Министерството има изготвено Стратегија за развој на женското претприемништво, со Акциски план кој се имплементира во периодот 2019 – 2023. Стратегијата има за цел економско јакнење на жените преку создавање на поволна бизнис клима и обезбедување поддршка за развој на нивниот претприемнички потенцијал со што ќе се придонесе кон развојот на постоечките и отворање на нови претпријатија, креирање на нови работни места, а со тоа и јакнење на целокупната економија.
Стратегијата ја координира Владата на Република Македонија преку Министерството за економија како носител на оваа стратегија.
- Принципот на еднакви можности на жените и мажите е инкорпориран во Стратешкиот план за 2021 – 2023 година на Министерството за економија.
Во Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2020 година, како обединета програма на два сектора (Сектор за претприемништво и конкурентност на мали и средни претпријатија и Сектор за индустриска политика), во Областа А – Подршка и развој на микро, мали и средни претпријатија и занаетчиство кои ќе бидат предмет на родово буџетска анализа:

1.Мерки за развој и поддршка на претприемништвото и ММСП
Со реализација на Подмерка 1.1 Финансиска поддршка за микро, мали и средни претпријатија субвенционирани се 55 претпријатија во вкупен износ од 14.000.000 денари. Од вкупниот број на субвенционирани апликанти, 17 (30,9%) се претпријатија во сопственост и управувани од жени кои се субвенционирани во вкупен износ од 3.560.137 денари.
Со Подмерка 1.4 Финансиска поддршка за женско претприемништво субвенционирани се 11 претпријатија во сопственост и управувани од жени во вкупен износ од 1.068.206 денари.

2.Мерки за поддршка и развој на занаетчиството
Со Подмерка 3.1. Кофинансирање на проекти на занаетчиските комори за развој и промоција на занаетчиството во РСМ кофинансирани се вкупно 4 проекти на занаетчиски комори во вкупен износ од 707.910 денари. Од занаетчиските комори чии проекти се кофинансирани нема ниедна жена претседател на комора.

Со Подмерка 3.2 Субвенционирање на трошоци за ангажирање на чираци субвенциониран е еден апликат (маж) со средства во вкупен износ од 12.938 денари.

Со Подмерка 3.3 Субвенционирање на трошоци за занаетчии субвенционирани се 43 апликанти во износ од 4.475.745 денари од кои 15 (34,8%) се жени кои се субвенционирани во вкупен износ од 1.506.454 денари.

Со Подмерка 3.4 Кофинансирање на трошоци за занаетчии за набавка на алати и репроматеријали реализирани се 8.873.019 денари за кофинансирање на 225 занаетчии и вршители на занаетчиска дејност. Од нив 136 ( 60,4% )се жени кои се кофинансирани во вкупен износ од 4.740.345 денари.

За рализација на горенаведените мерки од Програмата КИП 2020 беа предвидени 42.040.000,00 денари реализирани се вкупно 29.137.818,00 денари денари, Дел А. Поддршка на микро, мали и средни претпријатија и занаетчиство. Со овие средства кофинансирани се трошоци по разни основи на вкупно 339 апликанти (претпријатија/занаетчии/комори) од кои 179 (52,8%) се во сопственост и управувани од жени и за нив се распределени 10.875.142 денари односно 37,3 % од вкупно реализираните средства.

Во Јавниот повик за оваа мерка беше применет стимулативен критериум доколку апликант е деловен субјект во сопственост и управуван од жена, односно наместо условот од минимум 3 (три) вработени за овие апликанти условот беше минимум 2 (два) вработени.

**Агенцијата за поддршка на претприемништвото** со Програмата за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средните претпријатија во 2020 година (објавена во Службен весник на РСМ бр.18 од 27 јануари 2020 година) и Програмата за изменување на Програмата за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средните претпријатија во 2020 година (објавена во Службен весник на РСМ бр.243 од 6 октомври 2020 година)[10], предвидени беа 11 мерки и програмски активности кои имаат за цел промоција и поддршка на претприемништвото во Република Северна Македонија, самовработување на невработените лица, менторирање на малите и средните претпријатија, зголемување на конкурентноста на постојните претпријатија и генерирање на нови работни места. За реализацијата на програмските активности Агенцијата поднесе годишен извештај до Владата на Република Северна Македонија.Со програмските активности се опфатени повеќе целни групи, како што се невработените лица, малите и средните претпријатија, потенцијалните претприемачи, старт ап фирми, студенти и ученици, локални консултанти, жени претприемачи и други.Во следните програмски активности во 2020 година воведена е родово разделена статистика:

**1.Поддршка на Самовработувањето како дел од ОП 2020 на МТСП**

Од вкупно 1534 бизнис планови изработени од страна на овластените советници за кандидатите во Програмата за самовработување, 510 бизнис планови се изработени за жени, што претставува 33,2% учество на жените во оваа програмска активност.

[10] Службен весник на РСМ" бр.243 од 6.10.2020

**2.Ваучерски систем на советување**

- Од вкупно реализирани 59 ваучери, 39 ваучери се за мажи, а 20 за жени или 34% учество на жените во оваа програмска активност и тоа:

-10 ваучери (за седум клиенти) се за жени управители на МСП за услугите: Подготовка за ISO стандари (9001, 14001,22000), за НАССР и за деловно планирање.

-10 ваучери (за 5 жени клиенти) се за невработени жени за отворање на фирма, односно изработка на бизнис план и регистрација на фирма.

**3.Воспоставување на систем на стандардизирани менторски услуги**

АППРСМ е во третата година на реализацијата на регионалниот проект „Воспоставување и промоција на менторските услуги за МСП во Западен Балкан – Фаза 2", поддржан од Јапонската Агенција за Меѓународна Соработка – JICA. Покрај АППРСМ партнери во Проектот се Агенциите надлежни за поддршка на развојот на МСП од Србија – регионален лидер, Црна Гора и Босна и Херцеговина.

Процесот на создавање на нови квалификувани ментори продолжи и во 2020 година и во рамките на оваа програмска активност во 2020 година обучени се 5 жени за ментори.По спроведеното менторирање вкупно се менторирани 41 претпријатие од кои 12 претпријатија чии сопственици се жени.

**4.Обуки за подготовка на бизнис план**

- Главна цел на обуките на АППРСМ за подготовка на бизнис план е младите луѓе ( студентите и средношколците ) да се да се мотивираат да почнат сопствен бизнис, да се стекнат со претприемачки вештини како и да знаат самостојно да изработат бизнис план. На обуките им беа презентирани бизнис модели на денешницата како и можностите за финансирање во нашата држава.

На обуките земаа учество 206 слушатели од Охрид, Кавадарци, Скопје, Битола, Валандово, Гостивар, Виница и Велес, меѓу кои 56 % средношколци, 23 % студенти, 3 % невработени, 9% вработени и 9 % наставници. Родовата структура броеше 70 % женски и 30% машки лица, додека според национална припадност 89 % се изјасниле како Македонци, 4 % Бошњаци, 4 % Албанци, 2 % Турци и 1 % Срби.

**5. Обуките за претприемачко образование**

- Главна цел на обуките на АППРСМ за претприемачко образование на млади лица беше да се мотивираат слушателите да отворат сопствен бизнис преку примери од реалниот сектор во Македонија, да стекнат почетни претприемачки вештини и знаења како и да ја зголемат свеста за достапните Владини програми за финансирање и техничка поддршка во фазите на ран развој на бизнисот.

На обуките учество земаа 108 слушатели од Гевгелија, Кочани, Прилеп и Скопје меѓу кои 61% средношколци, 18 % студенти, 15% невработени лица и 16% вработени млади лица. Родовата структура броеше 65% женски и 35% машки лица, додека структурата по националност укажува дека имало 69% Македонци, 14% Албанци, 8% Роми, 3% Власи,1 % Срби додека 4% биле неопределени.

**6. Обуки за локални консултанти**

Обуките со назив „Преструктуирање на семејството и на семејното богатство" на АППРСМ наменети за локални консултанти, имаа цел учесниците да се здобијат со знаења за советувањето на претпријатијата во процесот на транзиција на семејните бизниси од една кон друга генерација.

На обуките кои се одржаа во Скопје, Куманово и Битола земаа учество 77 слушатели, во голема мера консултанти, но и лица инволвирани во семејни бизниси и сопственици на бизниси. Според родовата припадност, 49 % мажи и 51 %

жени, додека според етничката припадност 79% биле Македонци, 3% Албанци, 7% Турци, 6% Срби, 4% Босанци.

**7. Обуки за зголемување на конкурентноста на МСП**

Обуките со назив „Зголемување на конкурентноста на МСП" имаа за цел да споделат со претставниците од малите и средните претпријатија алатки за намалување на потрошувачката на енергија т.е. намалување на цена на чинење на единица производ и едновремено заштита на животната средина и на таа основа да остварат конкурентна предност и да се наметнат пред конкурентите.

На обуките кои се одржаа во Скопје, Струмица, Прилеп и Тетово земаа учество 103 слушатели, консултанти, но и лица инволвирани во семејни бизниси. Според родовата припадност, 66,3% мажи и 33,6% жени, додека според етничката припадност 76% биле Македонци, 14% Албанци, 4% Турци, 4% Бошњаци и 2% Срби.

**8. Обуки за промоција на социјалното претприемништво**

- Во рамките на оваа програмска активност беа организирани две обуки и тоа во Скопје и Охрид.Целта на овие обуки беше низ интеракција и вежби да се дефинираа бизнис моделите на социјалното претприемништво и се објасни како тоа е регулирано во државата, како и примери во ЕУ и светот.

На обуките земаа учество 44 слушатели, а според родовата припадност, 21 мажи, 23 жени, додека според етничката припадност 25 биле Македонци, 13 Албанци, 3 Турци, 1 Бошњак , 1 Влав и 1 Египјанка .

**9.Обуки за женско претприемништво**

Главна цел на обуките со назив „Жени претприемачки – искуства, примери и совети" на АППРСМ наменети за жените-потенцијални или сегашни претприемачки беше подигање на нивото на конкурентност кај веќе постоечки претпријатија раководени од страна на жени претприемачи, но и поттикнување на нови жени претприемачи.

На обуките земаа учество 44 слушателки од Велес, Скопје, Струмица и околината на овие населени места. Според родовата припадност 96% биле Македонки, 2% Србинки, 1% Турчинки и 1% Босанки. Од кои 46% претприемачки и занаетчии, 12% наставници, 33% невработени и 9% студентки.

Согласно буџетската изјава која ја приложи АППРСМ за периодот од 2020-2022 го инкорпорираше принципот на еднакви можности во програмските активности:

- Зголемен број на жени корисници на ваучерскиот систем на советување.
- Зголемен број на обучени жени ментори и менторирани МСП управувани од жени
- Унапредување на системот за прибирање податоци со родово разделени податоци.
- Подобрена промоција преку обуките за поддршка на женското претприемништво.

## *2.4 Пристап на жените до здравствени услуги*

Во 2016 г., беше спроведена евалуација на Националната стратегија за репродуктивно здравје 2010-2020 со цел да се усогласи со ЦОР 2030 и другите глобални и регионални иницијативи за обезбедување на универзален пристап до сексуално и репродуктивно здравје и репродуктивно право и безбедно мајчинство.

**Министерството за здравство** прави и Програма за активна здравствена заштита на мајките и децата во РСМ на годишно ниво со цел намалување на морбидитетот и морталитетот на мајките и новороденчињата преку интегриран пристап во унапредување на здравјето на мајките и новороденчињата кој ги содржи мерките на планирање на семејството, пренаталната заштита и здравствената заштита во текот на породувањето и леунството, како и пристап до соодветни здравствени пакети за социјално ранливите групи. Процентот на бремени жени кои имаат пристап и корист од пренатална и постнатална грижа е релативно висок (околу 90 %).

Министерството за здравство започна со обезбедување бесплатни прегледи и лабораториски прегледи во тек на бременост, поврзани со бременост, бесплатно породување за бремени жени кои се надвор од систем на задолжително здравствено осигурување и лица без документ за идентификција. Бројот на жени кои имаат пристап и корист од постнатална здравствена заштита (посети од патронажна медицинска сестра) е околу 83 %. Од 2012 г. Министерството финансиски ги поддржа првите работни ангажирања на Ромските здравствени медијатори. Медијаторите помагаат во олеснување на пристапот до здравствените услуги, воспоставување доверба во односот помеѓу лекарот и пациентот, како и воспоставување на добри навики и практики во врска со здравјето, хигиената и исхраната во ромските заедници. Оваа програма е поддржана од буџетот на Република Северна Македонија.

Со донесувањето на новиот Закон за прекин на бременоста[11] се олесни пристапот до услуги за прекин на бременоста, се елиминираа непотребните бариери и се подобри достапноста на безбедни постапки. Законот гарантира дека жените ќе имаат навремен пристап до даватели на здравствени услуги. Иако со Законот медикаментозниот абортус беше одобрен како алтернативна метода на хируршки абортус, тој сè уште не е широко достапен во аптеките и здравствените установи.

Во однос на биомедицински потпомогнатото оплодување (БПО), Република Северна Македонија е меѓу земјите во Европа со поотворени и подобро поставени политики и закони. Според Законот за биомедицинско потпомогнато оплодување[12], БПО може да добијат брачни и вонбрачни двојки, како и сами жени (односно „деловна жена"[13]), при што Фондот за здравствено осигурување финансиски покрива БПО за осигурени лица во брачна или вонбрачна заедница кои имаат апсолутни и релативни медицински индикации согласно медицина базирана на докази. При тоа, право на БПО се остварува до трет неуспешен обид или до првото успешно породување, во рамки на трите обиди. Од 2014 г., во Република Северна Македонија се овозможува и БПО со гестациски носител за брачна двојка[14].

Најчеста причина за смрт од малигни неоплазми кај жените во Република Северна Македонија во периодот 2010-2018 г. е малигната неоплазма на дојка. Стапката на морталитет се движи од 30,0 во 2010 г. до 26,4 во 2018 г. на 100 000 жени[15]. МЗ

---

[11] „Службен весник на РМ" бр. 101/2019

[12] „Службен весник на РМ" бр. 37/2008, 164/2013, 149/2014, 192/2015 и 37/2016.

[13] Образец 1 – Барање за остварување на правото за БПО, ФЗО.

[14] Закон за изменување и дополнување на Законот за биомедицинско потпомогнато оплодување („Сл. весник на РМ" бр. 149 од 2014 г.)

[15] https://www.iph.mk/svetski-den-na-rakot-kancer-2020/

спроведува Програма за рана детекција на малигни заболувања[16] која се донесува на годишно ниво и во 2020 г. содржи: скрининг за превенција и рано откривање на карцином на грло на матка; пилот скрининг на колоректален карцином; промотивна кампања за превенција и рано откривање на карцином на простата; и организиран мамографски скрининг за рана детекција на карцином на дојка. Според Законот за здравственото осигурување, секоја жена над 14-годишна возраст има право на бесплатни превентивни гинеколошки прегледи за рано откривање на рак на дојка и рак на грлото на матката. Националната програма за рано откривање на ракот на дојка во земјава започна да се спроведува од 2015 г. Жени на возраст од 50-69 години се поканувaат за мамографски преглед на две години преку покани кои се испраќаат по пошта. Во 2019 г. биле повикани и закажани 2044 жени, од кои биле реализирани 1672 прегледи, при кои се откриени 5 случаи на рак на дојка[17].

Во 2019 г., во согласност со активностите предвидени со Програмата за рано откривање и спречување на ракот на грлото на матката, било предвидено со скрининг за рак на грло на матка да бидат опфатени жени на возраст од 35-45 години. Во 2019 г.[18] биле испратени вкупно 26 978 покани, од кои биле примени 25 262, а направени се 16 884 ПАП-тестирања, а цитолошки се анализирани 13 203 брисеви (78,2 % од вкупно земените брисеви).

Во 2020 г.[19], со Програмата било предвидено да се опфатат жени на возраст од 46-61 години (според ДЗС, 222 652 женска популација на таа возраст). Биле испратени вкупно 12 063 покани, од кои биле примени 10 861, а биле направени 12 539 ПАП-тестирања што претставува 5,63 % од вкупната женска популација на возраст од 46-61 година.

Во однос на менталното здравје, според СЗО, преваленцата на депресија и анксиозност е повисока кај жените отколку кај мажите. 10-15 % од преваленцата на менталните заболувања се случуваат во перинаталниот период (во текот на бременоста и во првата година по породувањето)[20]. И покрај тоа, во Република Северна Македонија до сега не се воспоставени сервиси и мерки кои ќе се фокусираат на подобрување на менталното здравје на жените. Стратегијата за унапредување на менталното здравје 2018-2025 ги издвојува жените и воспоставува мерки и активности за ментално здравје на жени во репродуктивен период. Менталното здравје стана особено важен аспект во текот на пандемијата со Ковид-19.[21]

---

[16] http://zdravstvo.gov.mk/wp-content/uploads/2020/10/Rana-detekcija-na-maligni-zaboluvanja-od-13.01.2020.pdf

[17] ЈЗУ Институт за јавно здравје, Извештај за реализирани активности во врска со скрининг на ракот на дојка кај жените на возраст од 50-69 години во Република Северна Македонија, за 2019 г.

[18] ЈЗУ Институт за јавно здравје, Анализа – Проценка на капацитетите на постоечкиот кадар и опрема (ПАП и ХПВ тестирање), организација на посети, работа на работна група за реализирање на активности во врска со скрининг на ракот на грлото на матката, 2019.

[19] ЈЗУ Институт за јавно здравје, Извештај за реализирани активности во врска со скрининг на рак на грлото на матката кај жените на возраст од 46-61 години во Република Северна Македонија во 2020 година.

[20] Национална стратегија за унапредување на менталното здравје во Република Северна Македонија 2018-2025.

[21] Ibid.

## 2.5 Жени во рурални средини

Земјоделскиот сектор е регулиран со неколку закони и подзаконски акти, и тоа Законот за земјоделство и рурален развој (ЗЗРР, 2010) како главна законска рамка која ја регулира политиката за земјоделство и рурален развој во земјата. Дополнително, неколку стратешки и оперативни документи ги дефинираат развојните цели и ја регулираат финансиската поддршка во земјоделството и руралниот развој: Националната стратегија за земјоделство и рурален развој 2014-2020, Програмите за рурален развој на Инструментот за претпристапна помош на ЕУ (ИПАРД) 2007-2013 и 2014-2020 и Националните програми за земјоделство и рурален развој (НПЗРР) 2013-2017 и 2018-2022. Родовата еднаквост и недискриминацијата, како принципи, се вклучени во овие документи. Релевантната политика главно се фокусира на поддршка на производствените инвестиции (вклучувајќи опрема и машини) и вклучување на жените во процесот на креирање политики во ресорното Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ), како и во локалните акциони групи (ЛАГ). Диверзификацијата на економските активности која е особено погодна за родово - специфичните капацитети, не е целосно искористена. Обемот на работа, како димензија, не е многу опфатен и содржан во овие документи. Сепак, мерката за диверзификација на ИПАРД нуди потенцијално ослободување на време за жените во руралните средини преку ослободување од некои домашни обврски, како што се грижата за децата, нега и исхраната во семејството. Исто така, потребно е подобро да се информираат земјоделците за можноста за вклучување на дополнителни дејности во земјоделските стопанства (ЗЗРР, 2010, член 82-85). Ова се само неколку примери за искористување на тековната програма и мерките за унапредување на родовата еднаквост.

### *Родовата еднаквост во земјоделството

Земјоделскиот сектор учествува со околу 10% во националниот бруто - домашен производ и претставува главен двигател на руралната економија. Во него работи 17% од работната сила во земјата, од кои една третина се жени (ДЗС, 2017а). Мнозинството земјоделски работници се мажи и тие доминираат во сите возрасни групи и во менаџерските дејности. Учеството на жените во управувањето на земјоделските стопанства е многу ниско, а изгледите за раст не се позитивни, бидејќи процентот се намалил од 11% во 2013 година на 10% во 2016 година (ДЗС, 2014 и 2017b). Ниската вработеност и учество на жените во управувањето со фарми укажуваат на ограничена вклученост на жените во процесот на донесување на одлуки. Патријархалната структура, локалните обичаи, културните и традиционалните општествени норми придонесуваат за лошата социо - економска положба на руралните жени (Ристеска и др. 2012, Петровска Митревска и Туна 2017, Светска банка и ФАО 2014).

Во текот на подготовките на земјата за интеграција во Европската унија (ЕУ), националната политика постојано се прилагодува кон политиките на ЕУ. Во

согласност со Заедничката земјоделска политика на ЕУ, земјите континуирано ја анализираат положбата на жената во земјоделството и руралните средини. Резултатите се земаат предвид при креирање на програмите за рурален развој со цел да се надминат општествените стереотипи за родовите улоги кои го ограничуваат пристапот на жените до можности, а со тоа да се воспостават родоворамноправни рурални општества (ФАО 2018). Со оглед на тоа што ЕУ промовира политика за земјоделски и рурален развој и програми кои го поддржуваат прашањето на родова еднаквост, нашата земја треба континуирано да работи на постигнување на родова еднаквост и да даде приоритет на прашањето за зајакнување на улогата на жените во националната политика за земјоделство и рурален развој.

Влијанието на кризата предизвикана од COVID-19 врз жените во руралните средини

Кризата предизвикана вирусот COVID-19, врз основа на препораките на Владата, ги принуди најголем дел од вработените да продолжат да ги завршуваат работните активности од дома, како една од мерките за превенција од ширење на заразата. За жал, поради спецификите на секторот, жените во руралните средини не се во можност да ги следат овие препораки бидејќи работата во земјоделството бара присутност на нива. Нивната работа е зголемена и дома и на полето, бидејќи во земјоделството има недостаток на сезонски работници, па семејствата сами ги извршуваат активностите на поле. Сепак, товарот на домашните обврски целосно се пренесува на жените. [22]Дополнително, поради нивниот ангажман околку домот доцни земјоделската работа поради тоа што е период на прихрана, сеење на леи, садење на дел од културите, а грижата за стоката е секојдневна и продолжува.

Зголемувањето на домашните обврски е проблем и кај самохраните родители, оние кои се грижат за стари лица и семејствата кои имаат лица со попреченост. Во ваквите ситуации негата и грижата е целосно префрлена на жената. Овие фактори, надополнети со традиционалните вредности кои се доминантни кај руралното население, ги ставаат жените во земјоделството и руралните средини во тешка и крајно неповолна положба ограничувајќи го нивното движење, пристапот до информации и расположливи можности за развој.[23]

Жените во земјоделството и руралните средини се соочуваат со ограничен пристап до информации и интернет. Кај дел од нив компјутерската писменост е минимална, а дополнителен предизвик е и пристапот до интернет, во услови кога е потребно да помагаат на своите деца во следењето на on-line наставата и едукацијата.

Во однос на здравствената и социјална заштита, евидентни се разликите кои постојат во законската регулатива во однос на осигурувањето односно неусогласеноста на Законот за здравствено осигурување со Законот за вршење на земјоделска дејност, Законот за пензиско и инвалидско осигурување. На регистрираните жени-земјоделки не им се покрива во целост осигурувањето во

[22] Истражување на Националната федерација на фармери (НФФ) спроведено за време на кризата

[23] Согласно последното истражување на Рурална Коалиција 96% од жителите во руралните средини имаат потреба од добивање на секојдневни, редовни и ажурирани податоци и информации.

зависност од основата по која се осигурани. Исто така, постојат и поголем број на основи или начини за осигурување што создава целосна забуна кај жените од руралните средини. Оваа состојба е сериозен ризик и пречка за соодветна здравствена нега за жените во земјоделството и руралните средини кои немаат никаква здравствена заштита во услови на здравствена криза предизвикана од COVID-19.

Жените во овој период не одат да продаваат на пазарите, не носат дел од своите производи од врата до врата ниту остваруваат продажба директно од фарма, со што се намалени нивните приходи и се доведува во прашање економскиот опстанок на нивните мали семејни агро-бизниси. Од овие причини од големо значење е донесувањето на „Правилникот за услови и хигиена за производство и ставање во промет на храната од неживотинско потекло наменета за директно снабдување, во географско или економски ограничувања, како општите и посебните барања за примена на традиционални методи на производство, преработка и дистрибуција на храна со традиционални карактеристики", преку кои жените имаат можност да реализираат директна продажба на земјоделските производи и преработки. Покрај тоа, важноста на овој правилник беше нагласена и при работата на групата во креирање на критериумите за мерката 115. Од суштинско значење за успешноста на инвестицијата и ефикасноста на мерката е овозможувањето на полесен пристап на жените до пазарите и продажба на производите со цел да се остварат побрзи ефекти од мерката и повраток на инвестицијата.

Ваквите состојби бараат итна интервенција и долгорочна стратегија за намалување на штетните последици во согласност со меѓународните препораки.

Министерството за земјоделство, шумарство и водосотопанство работи на измена на Националната програма за земјоделство и рурален развој за периодот 2018-2022, конкретно за изменување и дополнување со специфична мерка наменета за жените кои живеат во руралните средини и кои се дел од земјоделско стопанство. Се планира преку мерката да се даде поддршка во вид на неповратни грантови во висина до 180.000 денари по корисник, за вршење на дополнителна дејност во рамки на земјоделското стопанство. Тоа подразбира дека жените ќе можат да започнат со преработувачка или занаетчиска дејност, користејќи ги ресурсите од сопственото производство и преку додавање дополнителна вредност на производите ќе овозможат поголеми приходи.

Критериуми за избор на жени-корисници

| | Цели на мерката (критериуми) | Бодови |
|---|---|---|
| 1. | Барателот да е регистриран со земјоделство како примарна дејност и е носител на земјоделско стопанство пред влегување во сила на овој правилник | 25 |
| | Барателот да е регистриран со земјоделство како примарна дејност и е носител на земјоделско стопанство по влегување во сила на овој правилник | 15 |
| 2. | Барателот да е регистриран како индивидуален земјоделец согласно Законот за вршење на земјоделска дејност | 25 |
| | Барателот да е регистриран како индивидуален земјоделец | 25 |

| | | |
|---|---|---|
| | согласно Законот за пензиското и инвалидското осигурување | |
| | Барателот да има остварен годишен нето приход од вршење на земјоделска дејност до износот на годишниот нето износ на минимална плата за претходна година | 5 |
| | Барателот да има остварен годишен нето приход од вршење на земјоделска дејност до износот на годишниот износ на минимална основица за пресметка и плаќање на придонеси од социјалното осигурување | 5 |
| 3. | Барателот да е евидентиран во Единствениот регистар на земјоделски стопанства како физичко лице со примарна земјоделска дејност | 20 |
| 4. | Барателот да покаже сопствено учество во инвестицијата | 5 |
| 5. | Барателот да е член на здружение или земјоделска задруга или на локална акциона група | 5 |
| 6. | Барателот да е помлад од 40 години | 5 |
| 7. | Активностите од деловниот план да се одвиваат во подрачја со ограничени можности | 5 |
| 8. | Барателот да е самохран родител | 10 |
| | Вкупно | 100 |

За да биде прифатливо барањето, барателот треба да добие најмалку 50 бода.
Кон крајот на 2019 година (26.11.2019) од страна на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) за прв пат беше објавен јавен оглас, по кој се пристигнати 402 барања за финансиска поддршка по овој основ.

Изработена е и направена промоција за оваа мерка во соработка со АПРЗ и НФФ која е прикажана во делот на соработка со други социјални партнери и организации .

Согласно член 67 од Законот за земјоделство и рурален развој во Програмата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој за 2020 година предвидена е мерката 112-Помош на млади земјоделци за започнување со земјоделска дејност, како финансиска помош за започнување со земјоделска дејност на млади земјоделци, кои за прв пат започнуваат да се занимаваат со земјоделска дејност преку преземање на постоечко или со воспоставување на ново земјоделско стопанство. Младиот земјоделец треба да биде носител на земјоделско стопанство на возраст од 18-40 години. Поддршката се реализира прекуодобрен деловен план кој треба да предвидува инвестициони активности за модернизација на земјоделското стопанство за период од најмногу 3 години од денот на одобрување на поддршката. Висината на поддршката изнесува до 600.000 денари. За да биде прифатлив, корисникот за помош на млади земјоделци за започнување со земјоделска дејност од можни 100, треба да добие најмалку 60 бода.

## 2.6 Пристап до правда

### *2.6.1 Бесплатна правна помош*

Законот за бесплатна правна помош[24] гарантира првостепена и второстепена правна помош за граѓаните кои немаат доволно средства.
Граѓаните кои се со незавидна финансиска положба, можат да се обратат до **Министерството за правда** и до неговите подрачни единици и да побараат да им се даде правна помош или да им се обезбеди адвокат кој ќе биде платен од Буџетот на Министерството. Бесплатната правна помош граѓаните можат да ја добијат за имотно-правни спорови, должничко-доверителски односи, за прашања од пензиско и инвалидско осигурување, за застапување на жртви на семејно насилство, за остваруивање на социјална помош, за спорови со осигурителни компании, но и за други потреби. Бесплатна правна помош се одобрува во сите судови и административни постапки. Жените жртви на родово базирано и семејно насилство се опфатени во овој закон.
Примарната правна помош ја даваат овластени лица од Министерството за правда или од подрачните одделенија кои ги има по градовите во внатрешноста на државата. Примарна правна помош даваат **овластени здруженија.** Досега се регистрирани седум вакви здруженија.
Секундарната правна помош ја даваат адвокатите и таа се состои од застапување во граѓански судски постапки, во управни постапки пред Фондот за пензиско и инвалидсно осугуривање, Фондот за здравствено осигурување, застапување во постапка за расправање на оставина пред нотар, составување поднесоци на должник пред извршител и сл.
Министерството за правда изготвува Годишен извештај со основните информации на кои се заснова правото на бесплатна правна помош.
Во однос на слободни активности и работен ангажман, жените затвореннчки најчесто се вклучени во вокациски активности како шиење и фризерски услуги, како и ангажман во кујната и пералната[25]. Управата за извршување на санкции и МОН, во партнерство со ООН, поддржаа вклучување на стручно образование во казнено-поправните установи. Стручната обука е обезбедена на околу 170 затвореници, од кои 40 жени[26].
Во 2020 донесен е Законот за спречување и заштита од дискриминација и избрана е Комисија за заштита од дискриминација со што се зајакнува системот за заштита на човековите права.

### *2.6.2 Механизми за заштита*

Со оглед на фактот што самата вонредна состојба носеше ризици за повреди на човековите слободи и права, **Народниот правобранител** веднаш по нејзиното прогласување до надлежните институции упати неколку препораки пред сè за ранливите категории на лица-децата, лицата со попреченост и лицата лишени од

[24] „Службен весник на РСМ" бр. 101/2019.
[25] Хелсиншки комитет за човекови права (2019) *Извештај за состојбата и условите во казнено-поправните установи во Република Северна Македонија*, стр. 15-16.
[26] ДНП 2020, стр. 61.

слобода. Целта на овие препораки беше да се укаже дека при евентуалното носење на какви било одлуки мора да се внимава со истите да не се прекршуваат слободите и правата.

Во извештајната година Народниот правобранител постапуваше по вкупно 2 931 претставки, од кои 2.448 од извештајниот период, а останатите 483 беа пренесени од претходната година. Најголем број претставки 1.200 беа доставени лично од подносителите во канцелариите на Народниот правобранител, по пошта 486, по електронска пошта 462, преку веб-страницата 133, по телефонско јавување 120, по телефакс 2, а 45 претставки се формирани по сопствена иницијатива.

Од вкупно 2.448 примени претставки во 2020 година, најголем број 1.025 или 41,87% се однесуваат на повреда на правата од страна на јавните служби и установи, 725 или 29,62% се однесуваат на повреда на правата од страна на централната власт, во 293 претставки или 11,97% се повредени правата од страна на локалната власт, во 121 претставки или 4,94% се повредени правата од страна на правните лица, во 36 претставки или 1,47% имаше повреда на правата, како од централната, така и од локалната власт, во 39 претставки или 1,59% имаше повреда на правата од страна на судската власт, а во 209 претставки или 8,54% подносителите се жалат на повреда на правата од други субјекти.



| ПРЕГЛЕД НА ПРИМЕНИ ПРЕТСТАВКИ | 2015 | | 2016 | | 2017 | | 2018 | | 2019 | | 2020 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % |
| Недискриминација и соодветна и правична застапеност | 53 | 1,2 | 69 | 1,83 | 70 | 2,17 | 77 | 2,23 | 60 | 1,74 | 62 | 2,53 |
| Полициски овластувања | 156 | 3,54 | 133 | 3,52 | 152 | 4,72 | 199 | 5,75 | 170 | 4,92 | 130 | 5,31 |
| Граѓански состојби и други внатрешни работи | 90 | 2,04 | 45 | 1,19 | 53 | 1,64 | 57 | 1,65 | 70 | 2,03 | 63 | 2,57 |
| Правосудство | 850 | 19,32 | 577 | 15,28 | 576 | 17,87 | 945 | 27,33 | 639 | 18,51 | 406 | 16,58 |
| Обвинителство | | | | | | | | | 63 | | 32 | |
| Социјална заштита | 382 | 8,67 | 245 | 6,49 | 157 | 4,87 | 127 | 3,67 | 159 | 4,60 | 142 | 5,80 |
| Работни односи | 265 | 6,02 | 155 | 4,11 | 199 | 6,17 | 335 | 9,69 | 282 | 8,17 | 258 | 10,54 |
| Станбени односи | 42 | 0,95 | 48 | 1,27 | 11 | 0,34 | 35 | 1,01 | 17 | 0,49 | 10 | 0,41 |
| Здравствена заштита | 79 | 1,79 | 83 | 2,2 | 101 | 3,13 | 77 | 2,23 | 106 | 3,07 | 53 | 2,17 |
| Пензиско и инвалидско осигурување | 175 | 3,97 | 135 | 3,58 | 138 | 4,28 | 142 | 4,11 | 146 | 4,23 | 109 | 4,45 |
| Образование, наука, култура и спорт | 41 | 0,93 | 29 | 0,77 | 17 | 0,53 | 27 | 0,78 | 22 | 0,64 | 20 | 0,82 |
| Права на децата | 158 | 3,59 | 106 | 2,81 | 119 | 3,69 | 153 | 4,42 | 246 | 7,12 | 111 | 4,53 |
| Урбанизам и градба | 168 | 3,81 | 165 | 4,37 | 158 | 4,90 | 131 | 3,79 | 185 | 5,36 | 124 | 5,07 |
| Животна средина | 16 | 0,36 | 15 | 0,4 | 22 | 0,68 | 16 | 0,46 | 18 | 0,52 | 10 | 0,41 |
| Финансии | 865 | 19,64 | 1039 | 27,52 | 510 | 15,82 | 166 | 4,80 | 137 | 3,97 | 117 | 4,78 |
| Имотно-правни односи | 224 | 5,09 | 174 | 4,61 | 125 | 3,88 | 175 | 5,06 | 188 | 5,44 | 134 | 5,47 |
| Потрошувачки права | 368 | 8,36 | 309 | 8,19 | 281 | 8,72 | 230 | 6,65 | 367 | 10,63 | 218 | 8,91 |
| Казнено-поправни и воспитно-поправни | 257 | 5,84 | 198 | 5,25 | 264 | 8,19 | 247 | 7,14 | 267 | 7,73 | 166 | 6,78 |
| Деца и лица со посебни потреби | 9 | 0,2 | 15 | 0,4 | 5 | 0,16 | 21 | 0,61 | 24 | 0,70 | 37 | 1,51 |
| НП како пријателна судот | | | | | | | | | 5 | 9,26 | 5 | 55,56 |
| НП-механизам за граѓанска контрола | | | | | | | | | | | 21 | 9,95 |
| Попис | | | | | | | | | | | | |
| Избирачки права | 2 | 0,05 | 65 | 1,72 | 25 | 0,78 | 35 | 1,01 | 54 | 1,56 | 9 | 0,37 |
| Друго | 203 | 4,61 | 170 | 4,5 | 240 | 7,45 | 263 | 7,61 | 228 | 6,60 | 211 | 8,62 |
| ВКУПНО: | 4403 | 100 | 3775 | 100 | 3223 | 100 | 3458 | 100 | 3453 | 100 | 2448 | 100 |

Народниот правобранител, во извештајниот период на редовна основа ја следеше состојбата на полето на заштитата од дискриминација над граѓаните во јавниот сектор иако, поради прогласената пандемија од корона вирусот беа ограничени директните контакти со странките, а следствено и извршувањето на непосредни увиди во предметните постапки. Вкупно, во областа заштита од дискриминација и соодветна и правична застапеност поднесени се 62 претставки, што е приближно како и минатата година, кога до Народниот правобранител беа поднесени 60 претставки во кои граѓаните бараа заштита од дискриминација по различни основи.Најзастапени беа поплаките за дискриминација во работен однос, односно за вознемирување на работното место – мобинг. Потоа следуваат претставките кои се однесуваат на дискриминација поради непочитување на начелото на соодветна и правична заѕстапеност, а иако во помал број сепак поднесени се претставки со наводи за дискриминација по другите законски основи. Во овој контекст, Народниот правобранител од почетокот на оваа извештајна година води статистика согласно насоките кои се дадени со членот 3 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, односно поделбата на предметите е извршена по области и основ на дискриминација.

**Примени претставки по области**




Во 2020 извештајна година, најголем број претставки беа примени од областа на правосудството 406 или 16,58%; потоа следат претставките од областа на работни односи 258 или 10,54%; од потрошувачките права 218 или 8,91%; од казнено-поправните и воспитно-поправните установи 166 или 6,78%; од социјалната заштита 142, односно 5,80%; од имотно-правната област 134 или 5,47%; од областа на заштитата на правата при полициски овластувања 130 или 5,31%; од урбанизмот и градбата 124 или 5,07%; од финансиите и финансиското работење 117 или 4,78%; од областа на детските права 111 или 4,53%, од пензиското и инвалидското осигурување 109 или 4,45%; од граѓанските состојби и други внатрешни работи 63 или 2,57%; од недискриминацијата и соодветната и
правична застапеност 62 или 2,53%; од здравствената заштита 53 или 2,17%; од децата и лицата со попреченост 37 или 1,51%; од обвинителството 32 или 1,31%; од НП-маханизам за граѓанска контрола 21 или 0,86%; од образованието и науката 19 или 0,78%; од животната средина и станбените односи по 10 или 0,41%, од избирачките права 9 или 0,37%, НП како пријател на судот 5 или 0,20%, од културата

и спортот 1 или 0,04%; како и од други области за кои беа примени 211 или 8,62% претставки.[27]




*2.7 Социјална заштита*

Во текот на 2020 година Заводот за социјални дејности работеше континуирано на зајакнување на капацитетите на стручните работници во системот на социјална

[27] http://ombudsman.mk/upload/Godisni%20izvestai/GI-2020/GI-2020.pdf

заштита за родовиот концепт согласно Програма за континуирана професионална едукација на стручните работници во установите за социјална заштита изготвена од ЈУ ЗСД за 2020 година.
Стручната документација на заводот е ревидирана со вграден родов концепт. Во склоп на ЈУ Завод за социјални дејности Скопје функционира и Комисија за лиценцирање на стручни работници во системот на социјална заштита меѓу кои и давателите на услуги за специјализирани сервиси за родово базирано насилство.
Изготвена е и програма за континуирана професионална едукација за давателите на услуги во социјалната заштита меѓу кои и обуки за давателите на услуги во специјализираните сервиси за родово базирано насилство, како и програма за полагање на стручниот испит.

3. Реализирани активности на Министерството за труд и социјална политика

Национален план за спроведување на Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство е стратешки документ на Владата на Република Северна Македонија, што ги дефинира активностите, клучните институции, индикаторите и временската рамка за преточување на одредбите на Конвенцијата во националното законодавство за период 2018-2023. Активностите во планираниот период се правен и институционален одговор на родово-базираното насилство во Република Северна Македонија. Министерствот за труд и социјална политика во јануари 2020 започна со имплементација. на **Проектот „Поддршка на имплементација на Национален акциски план за Истанбулска конвенција“ финансиран од Министерството за надворешни работи на Холандија.**
Во рамки на овој проект се предвидени активности неопходни за успешно спроведување на Истанбулската конвенција во Република Северна Македонија.
Целта на проектот е да се развијат стандарди за давање на специјализирани услуги за жртви на родово-базирано и семејно насилство и стандардни оперативни процедури во согласност со Истанбулската конвенција.

*Реализирани активности во рамки на проектот за 2020 година

*Активност 1.* Изработка на стандарди за обезбедување специјализирани услуги за жртви на родово базирано и семејно насилство и стандардни оперативни процедури во согласност со Истанбулската конвенција и изработка на програми за спроведување на утврдените стандарди и протокол

Со самиот почеток со имплементацијата на проектот, Министерството за труд и социјална политика избра два експерти кои ќе работат како тим за развој на стандарди за обезбедување специјализирани услуги за жртви од родова основа и семејно насилство. Потпишан е договор меѓу Министерството за труд и социјална политика и двајцата избрани експерти.

Тимот експерти одговорни за првата активност изработи план за работа и методологија со постојана комуникација со одговорните лица од Министерството за труд и социјална политика.

Изработени нацрт верзии на стандарди за давање на специјализирани услуги на жртви на родово-базирано насилство и стандардни оперативни процедури во согласност со ИК:

- Изработени нацрт верзии на стандарди за услуги за жртви на РБН кои вклучуваат и жени припаднички на етничките заедници, бремени жени, жени со мали деца, самохрани мајки, жени со попреченост, рурални жени, жени кои употребуваат дроги, сексуални работнички , жени под интернационална заштита и барателки на азил, мигрантките, жени без државјанство, мигрантки,бегалки, лезбијки, бисексуалки и трансродови луѓе, жени кои живеат со ХИВ, бездомнички и др. категории на ранливи жени – Декември 2020
- Изработена нацрт верзија на Стандард и процедури за работа на советувалиште за жртви на семејно насилство -Декември 2020
- Изработена нацрт верзија на Стандард и процедури за работа на центар за лица жртви на семејно насилство (засолниште) - -Декември 2020
- Изработена нацрт верзија на Стандард за работата на Центрите за социјална работа во областа на семејно насилство --Декември 2020
- Изработена нацрт верзија на Стандард и процедури за работа на С.О.С. линија за помош за жртви на семејно насилство -Декември 2020
- Изработена нацрт верзија Стандард и процедури за работа на кризен центар за жртви на семејно насилство -Декември 2020
- Ирабoтени нацрт верзии за Стандарди и процедури за работа центри за упатување на жртви при сексуално насилство (до 72 часа) -Декември 2020
- Ирабoтени нацрт верзии за Стандард и процедури за работа на центар за жртви на сексуално насилство (засолниште) -Декември 2020
- Изработена нацрт верзија заз Стандард и процедури за советувалиште на жртви на сексуално насилство -Декември 2020
- Изработена нацрт верзија за Протокол за постапување со жртви на РБН (мултисекторско постапување, поврзување со други сервиси) Декември 2020

*Активност 2.* Обуки на обучувачи за РБН - Подготовка и развој

Министерството за труд и социјална политика избра двајца експерти кои ќе работат како тим за подготовка и развој на ТоТ програмата за родово базирано насилство за специјализирани услуги - прв модул за жени и деца; втор модул за сторители; трет модул - Општо за подигање на свеста кај професионалците. Потпишан е договор меѓу Министерството за труд и социјална политика и еден национален и еден меѓународен експерт.

- Подготвен нацрт модули за специјализирани услуги (за секоја услуга, вклучително за работа со деца жртви или сведоци на насилство) – Декемрви 2020

**Во рамките на Проектот „Унапредување на институционализацијата на РОБ преку систематска интеграција на родовата перспектива во стратешкото планирање и програмирање на владините институции во Република Северна Македонија“**, поддржан од UN Women, Министерствот за труд и социјална политика организира 4 еднодневни работилници за обука на ресорните министерства и државни институции. Учесниците беа ангажирани во развивање на суштински интервенции кои одговараат на родот за да одговорат на заложбите за родова еднаквост утврдени во Владиниот план за работа (2020 - 2024). На работилниците учествуваа претставници на раководно ниво и лица вклучени во процесот на стратешко планирање и креирање политики во институциите, како и координатори или заменици координатори за еднакви можности.

Во декември 2020 година беше организирана дводневна online обука за вклучување на родот во рамките на процесот на стратешко планирање и примена на програмско буџетирање. Работилница вклучуваше: GRB концепти и примена во Северна Македонија; Вовед во буџетирање засновано на програма; GRB алатки. Учесниците работеа во 2 групи во идентификување на влезните точки за родово одговорно буџетирање во нивните сектори. За време на вториот ден од работилницата, учесниците беа запознати со индикаторите за чувствителноста на родовите перформанси и примената на GRB во процесот на стратешко планирање.

Во 2020 Изготвен е извештај за најдобри практики од родово одговорно буџетирање – РОБ во Западен Балкан.

Во рамки на проектот во 2020 направена е анализа на учебници од родов аспект, за која беа ангажирани експерти во областа, за учебниците:

Етика за седмо одделение, Македонски јазик за прво, четврто и шесто одделение, Социологија за трета година-средно образование, Етика на религии за петто одделение, Општество за петто одделение и Ликовно за седмо одделение. Презентацијата на анализите од учебниците се одржа преку Zoom платформата.

Во рамките на проектот ангажиран е експерт за евалуација на Стратегијата за родовата еднаквост 2013-2020 и истата е направена и презентирана во Собрание на Република Северна Македонија.

Поддржана е и изработката на Национална Стратегија за родова еднаквост 2021-2026 која е изготвена од страна на експертка ангажирана во рамки на проектот (истата е влезена во владина процедура). По усвојувањето на Стратегијата од страна на Собранието на РСМ ќе се пристапи кон изработка на Национален акциски план и оперативни планови за имплементација и следење на целите и приоритетите од стратегијата. За оваа активност повторно ќе се избере експерт во рамките на проектот.

Во рамките на проектот, исто така, предвидено е воспоставување на ресурсен центар.

Министерството за труд и социјална политика во изминатата година ги зголемува капацитетите на **установите за згрижување и воспитување деца од предучилишна возраст** заради вклучување поголем број деца во предучилишното воспитание, од март 2020 г. заклучно со февруари 2021 се отворени вкупно 12 објекти за јавни детски градинки и 2 објекта за приватни детски градинки. За оваа намена според буџетот и Програмата за изградба, опремување и одржување

објекти за детска заштита во 2020 г. се реализирани средства во износ од 82.569.000,00 денари, што претставува 99,7 % планирано во Годишниот план.
Во 2020 г. во јавните и во приватните установи за деца вкупниот број на деца од 0 до 6 години е зголемен за 761 дете во однос на 2019 г. Во 2020 г. има вкупно 79 јавни установи за деца со 320 објекти (76 детски градинки со 317 објекти и 3 центри за ран детски развој со 3 објекти) со капацитет за 32 015 деца, а се запишани 28 649 деца, како и 40 приватни установи за деца со 42 објекти со капацитет од 1 405 деца и вкупно запишани 946 деца.

Министерството за труд и социјална политика преку соработката со УНДП која подразбира поддршка за секторот за еднакви можности во делот на изработка на Стратегијата за родова еднаквост, односно подготовка на **поглавје за климатски промени** и вклучување на климатските промени во другите поглавја од Стратегијата за родова еднаквост. Поддршката се однесува на вклучување на двајца соработници во секторот за еднакви можности и експертска поддршка за родот и климатските промени. Креиран е и регистер на лица кои работат во двете области (род и климатски промени). Исто така, креиран е модул за обука за воведување на родова перспектива во климатски промени и во таа насока спроведен е првиот циклус на обуки за претставници и претставнички на државната администрација на централно и локално ниво во јули и август 2020.
Изработена е визуелизација на развојниот пат на врската односно улогата на жените во однос политиките за климатските промени.
Изработени се две студии и анализи воведување Родова перспектива на националните планови за климатски промени и Интерсекција на родот и климатските промени на национално ниво.
Активно се работи на воведување на родовите прашања во Националните комуникации кон рамковната конвенција на ОН за климатски промени (UNFCC). Дел од тој процес е дизајнирање на родовите индикатори кои ќе бидат употребени и за соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање.
Изработени се индикатори за родови и климатски промени во Република Северна Македонија, со цел да се воведе родова перспектива во Националните комуникации, националните стратешки документи и документи, со посебен фокус на збир на индикатори во следните барани области на двогодишното ажурирање на извештаите (под 4-та национална Комуникации до Рамковната Конвенција на Обединетите Нации за Климатски Промени (UNFCCC): I. Поделени според полот податоци и родови индикатори во Националната проценка за ублажување и соодветно во извештајот за NDC; II. Полово поделение и родови индикатори за во Проценката на ранливоста и адаптација, III. Родово одговорни мерки во законска и стратешка рамка што ги пресекуваат родот и климатските промени, IV. Родови податоци за владините субвенции поврзани со енергијата и транспортот (активности за ублажување) и V. Родот и Националниот инвентар за стакленички гасови.
Еден од најголемите проблеми со кои се соочуваат земјите, кога станува збор за развојот на политики кои треба да ги пресекуваат родот и климатските промени, е недостаток или отсуство на податоци поделени по пол, и соодветно, родовите индикатори во областите поврзани со климатските промени, како и недостатокот на анализа на родовите улоги што ги дефинираат родовите потреби, пречки,

можности на жените и мажите да ги ублажат и да се прилагодат на климатските промени.
Имено, во рамките на 4-от NC / 3-тиот BUR и CBIT проектот што го спроведува УНДП во тесна соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за труд и социјална политика, реализирани се два многу суштински процеси преку развиените родови индикатори за климатските промени во Република Северна Македонија и наративна студија - Род и климатски промени, Македонија - микронаративи.[28] Воведена е и посебна секција во секторските документи на Сектор за еднкави можности каде што се наоѓаат досегашните истражувања, анализи и студии во областа род и климатски промени

### *3.1 Национален механизам за упатување на жртви на трговија со луѓе*

Министерството за труд и социјална политика, Секторот за еднакви можности, како координатор на Национален механизам за упатување на жртви на трговија со луѓе во текот на 2020 година, продолжи со соработка со Националната комисија за борба против трговија со луѓе, Подгрупата за борба против трговија со деца, Центри за социјална работа, Државниот трудов инспекторат, Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција на Република Северна Македонија за сузбивање на кривични дела поврзани со криумчарење мигранти и трговија со луѓе и Министерството за внатрешни работи/ Единицата за борба против трговија со луѓе и илегална миграција, Центарот за лица жртви на трговија со луѓе со здруженијата на граѓани.
Активностите за превенција и заштита на жртвите на трговија со луѓе, Министерството за труд и социјална политика, ги спроведуваше во согласност со Националната стратегија и Акциски план за борба против трговија со луѓе и илегална миграција 2016-2020.
Во насока на усогласен и координиран приод, Министерството за труд и социјална политика иницираше и реализираше мерки и активности кои се однесуваат пред се на превенцијата и заштитата на жртвите на трговија со луѓе но исто така и јакнење на капацитетите на стручните лица во Центрите за социјална работа и на трудовата инспекција.

**Превенција и градење на капацитети**

Во текот на 2020 година поради кризната состојба со Ковид – 19 мобилните тимови продолжија да функционираат, реактивно со намалена теренска активност, односно само во одредени случаи кога социјалните работници или претствниците на Националната единица за БТЛ ќе идентификуваа потенцијални жртви на трговија со луѓе и имаа потреба од соработка и вклучување на претставниците на здруженијата на граѓани. Ангажманот на претставниците на

[28]https://klimatskipromeni.mk/data/rest/file/download/8d47e610e8991b47f1377ecb0d5af3f4821d9541987d6e70 44806ad522835cb3.pdf

здруженијата на граѓани беше волонтерски во согласност со нивната програма за работа.

Во насока на поддршка и одбележување на „18 октомври – Европскиот дена за борба против трговијата со луѓе„ Министерството за труд и социјална политика ги поддржа активностите на Националната Комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција и здруженијата на граѓани кои се членови на Секретаријатот и учествуваше во видео материјали за подигање на јавната свест за превенција од трговијата со луѓе.
МТСП активно учествуваше во подготовката на новата Стратегијата и акциски план за борба против трговија со луѓе и илегална миграција (2021-2026) во која се предвидат стратешките приоритети кои се однесуваат на надлежностите на МТСП во однос на превенција, заштита и помош и поддршка на жртвите на трговија со луѓе.
**<u>Соработка со Совет на Европа (*Horizontal Facility Action on Preventing and Combating Trafficking in Human Beings*)</u>**
Во рамки на Хоризонталниот инструмент - проектот за трговија со луѓе Министерството за труд и социјална политика учествуваше во обуката за обучувачи наменета за вработените во Бирото за развој на образование коишто понатаму треба да ја дистрибуираат обуката на наставниците и стручните служби во училиштата. Исто така даден е придонес во подготовка на иинформативен материјал за ученици со цел заштита на децата од трговија со луѓе.

**<u>Заштита на жртвите на трговија со луѓе</u>**

Во текот на 2020 година. идентификувани се 7 жртви на трговија со луѓе, и 6 потенцијални жртви на трговија со луѓе.
Од идентификуваните жртви од кои 6 деца од женски пол и 1 полнолетен маж, сите се домашни државјани. Од децата: 5 се жртви на трговија со луѓе со цел сексуална експлоатација, 1 присилно питачење. Возрасниот маж е идентификуван во Р. Србија каде бил трудово експлоатиран 15 години. Лицето е репатриорано во РСМ и се спроведува реинтеграциска програма.

Министерството за труд и социјална политика во насока на спроведување на мерките за заштита од Ковид-19 во почетокот на пандемијата ја распореди донацијата на хигиенски средства и заштитни маски од МАРИ Центарот добиена преку Националната Комисија за БТЛ и ИМ о Центарот за лица жртви на трговија со луѓе.

| **ЖРТВИ 7** | |
|---|---|
| **Деца** 6 | **Возрасни** 1 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Домашни<br>6 | Странски<br>/ | Домашни<br>1 | Странски<br>/ |
| Вид на експлоатација | | Вид на експлоатација | |
| Сексуална<br><br>5 | Присилно питачење<br><br>1 | Трудова<br><br>1 | |
| Потенцијални жртви на трговија со луѓе податоци добиени од Мобилните тимови и од ЦСР<br>6 од кои: 5 женски пол и 1 машки; 5 деца и 1 возрасна | | | |

Во 2020 во Центарот за жртви на трговија со луѓе и жртви на сексуално насилство сместени се 5 жртви на трговија со луѓе а во овој период помош и поддршка добиваат 3 деца жртви на трговија со луѓе

Режиските трошоци за функционирањето на Центарот продолжува да ги плаќа Министерството за труд и социјална политика, додека услугата е финансирана од Владата на Република Северна Македонија во рамки на Програмата за поддршка на граѓанскиот сектор.

Во рамките на Центарот редовно се спроведува програмата за психо-социјална помош и поддршка на жртви на трговија со луѓе и сексуално насилство кои се сместени во Центарот за нивна стабилизација, надминување на траумите, полесно и поуспешно да се вклучат во тековните процеси на општественото живеење.

Помошта опфаќа обезбедување на медицинска помош (психолошка, психијатриска, хоспитализација и лекови), едукација, храна, хигиенски материјали, облека и помош во ресоцијализација (материјали, пилатес, сликање, видео материјали, прошетки, посета на кино, итн) или упатување и поврзување со други институции и организации во зависност од индвидуалните потреби.

Министерството за труд и социјална политика во насока на спроведување на мерките за заштита од Ковид-19 во почетокот на пандемијата ја распореди донацијата на хигиенски средства и заштитни маски од МАРИ Центарот добиена преку Националната Комисија за БТЛ и ИМ о Центарот за лица жртви на трговија со луѓе.

*Приоритети за 2021*

- Координирање на процесот на идентификација, помош и поддршка на жртви на трговија со луѓе;
- Пронаоѓање на модалитет за континуирано функционирање на мобилните тимови за идентификација на ранливи категории, вклучително и жртви на трговија со луѓе во Скопје, Битола, Гевгелија и Куманово;

- Зајакнување на функционирањето на Национален механизам за упатување на жртви на трговија со луѓе;

- Подготовка на индикатори за идентрификација на жртви и на трговија со луѓе за специјализирани за здравствени работници;

- Зајакнување на системот за борба против трговија со луѓе со цел трудова експлотација, едукации и соработка со соработка со здравствени и образовни институции, Државен трудов инспекторат, синдикат, приватен сектор и др.

- Финасирање на Центар за лица жртви на трговија со луѓе и сексуална експлоатација.

.

### *3.2 Родово одговорно буџетирање*

Како одговор на усвојувањето на Стратегијата на родово одговорно буџетирање, Министерството за финансии за првпат ги измени буџетските инструкции за 2013 и 2014 година (буџетски циркулар за буџетски корисници на централно ниво) со кој се задолжуваат три министерства (Министерство за труд и социјална политика, Министерство за здравство и Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство) и Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, за избор на програма за родова анализа и развивање на релевантни родови индикатори на излезно ниво за следење на влијанието на програмите врз жените и мажите. Од 2015 година, овие одредби се однесуваат на сите буџетски корисници на централно ниво. Овие измени на буџетскиот циркулар директно придонесуваат кон имплементација на Законот за еднакви можности на жените и мажите, како и Стратегијата за родова еднаквост (2013-2020), кои бараат вклучување на родовата перспектива во процесот на планирање на политики и буџетирање. Според Стратегијата и Методологијата за родово одговорно буџетирање , обврска на министерствата е програмата која е во процесот на родово одговорно буџетирање да се следи и известува за преземените активности и интервенции кои се во насоока на намалување на родовата нееднаквост во период од три години.

| | | **Родово буџетски инцијативи** | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Институција** | **Програма** | **Финансиски средства за 2020** | **Активности 2020** |
| 1 | **Министерство за одбрана** | Воена академија | 8.724.751,00 д. 79,32% | - Од вкупно запишаните питомци на Воената академија во сите студиски години 61% се мажи, а39% се питомки. Интересот за запишување на питомките од година во година расте, |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | односно во студиската 2020/2021 од вкупно 42 студента 43% се питомки, односно 57% се питомци.<br>- Од вкупно реализираните средства 5.322.098 денари се потрешени на потребите на питомците, а 3.402.652 денари се потрошени за потребите на питомките.<br>-Промоци доближување на воената професија на поголем број средношколки/ци.<br>-Во текот на 2020 година, потрошени се средства за логистичко обезбедување и обука, со цел да се реализира наставната програма на Воената академија. |
| 2 | **Министерство за образование и наука** | Унапредување на образовниот систем од аспект на родовта компонета (еднакви можности на мажите и жените); | 24.239.700 денари , стипендии за студенти девојчиња<br><br>9.591.300 денари студенти момчиња | Во академската 2020/2021 година поголем број на доделени стипендии за био-технички, техничко-технолошки, природно-математички, ИТ и медицински науки е на студентки (75,80%) во однос со студенти (24,20%).<br>-Донесена е Уредба со законска сила за плаќање на дел од партиципацијата во трошоците за студирање за студенти, партиципација за студирање во студентски дом и партиципација на трошоците за приватно сместување на студенти чие образование се финансира од буџетот на Република Северна Македонија, а се од семејни домаќинства со низок доход, за време на вонредна состојба.<br>Оттаму, одобрени се:<br>- 958 апликации за партиципација во трошоци за студирање на студенти од кои 665 се девојки или 69,4%. Обезбедени средства за плаќање на дел од партиципација во трошоците за студирање за студенти вкупно 5.748.000 денари.<br>- 14 апликации за партиципација за сместување во студентски дом од кои 12 се девојки или 85,7%. Обезбедени |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | средства за плаќање на дел од партиципација за сместување во студентски дом вкупно 84.000 денари.<br>- Согласно Националниот план за акција за родова еднаквост 2018-2020 година предвидено е воведување на сеопфатното сексуално образование. Развиени се едукативни модели за спроведување на ССО во образовниот систем, подготвена е наставна програма на ученици од 13 до 15 годишна возраст и прирачник за наставници за спроведување на пилот проектот за ССО. Формираната работна група при МОН со членови од БРО,МТСП, МЗ и ХЕРА изготви тригодишен акциски план за пилотирање на ССО. Во месец декември спроведена е обука за наставниците од четирите училишта во кои ќе се пилотира наставната програма за сеопфатно сексуално образование. Пилот програмата ќе се спроведе од учебната 2021/2022 година.<br>-Донесена е Уредба со законска сила за плаќање на дел од партиципацијата во трошоците за студирање за студенти, партиципација за студирање во студентски дом и партиципација на трошоците за приватно сместување на студенти чие образование се финансира од буџетот на Република Северна Македонија, а се од семејни домаќинства со низок доход, за време на вонредна состојба.<br>Оттаму, одобрени се:<br>- 958 апликации за партиципација во трошоци за студирање на студенти од кои 665 се девојки или 69,4%. Обезбедени средства за плаќање на дел од партиципација во трошоците за студирање за студенти вкупно 5.748.000 денари.<br>- 14 апликации за партиципација за сместување во студентски дом од кои |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | 12 се девојки или 85,7%. Обезбедени средства за плаќање на дел од партиципација за сместување во студентски дом вкупно 84.000 денари.<br>- Повлечен е од употреба учебникот по Македонски јазик за петто одделение, поради несоодветна и дискриминирачка содржина. Во овој учебник се констатирани дискриминирачки текстови, но и примери коишто ја засилуваат родовата нееднаквост.<br>- Завршена е постапката за ревизија односно исправки и/или дополнувања во текстот на учебникот, а истите не преставуваат повеќе од 30% од содржината на учебникот по предметот Социологија за II, за III и за IV година.<br>- Во однос на постапката за ревизија на учебници во основно и средно образование од аспект на родовата еднаквост и недискриминацијата, во 2020 година од вкупно 47 наставни предмети предвидени за ревидирање, постапката е завршена за 29 наставни предмети и тоа: единаесет наставни предмети за средно образование и осумнаесет наставни предмети за основно образование. За осумнаесет наставни предмети постапката е не завршена и тоа: три (3) наставни предмети за средно образование и петнаесет (15) наставни предмети за основно образование. |
| 3 | **Министерство за економија** | Коннуретнос, иновации и претприемништво. | 29.137.818 денари | _Со овие средства кофинансирани се трошоци по разни основи на вкупно 339 апликанти(претпријатија/занаетчии/комори) од кои **179 (52.8%)** се во сопственост и управувани од жени и за нив се распределени 10.875.142 денари односно **37,3 %** од вкупно реализираните средства.<br>Со реализација на Подмерка 1.1 Финансиска поддршка за микро, мали |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | и средни претпријатија субвенционирани се 55 претпријатија во вкупен износ од 14.000.000 денари. Од вкупниот број на субвенционирани апликанти, 17 ( 30,9 %) се претпријатија во сопственост и управувани од жени кои се субвенционирани во вкупен износ од 3.560.137 денари.<br>Во Јавниот повик за оваа мерка беше применет стимулативен критериум доколку апликант е деловен субјект во сопственост и управуван од жена, односно наместо условот од минимум 3 (три) вработени за овие апликанти условот беше минимум 2 (два) вработени.<br><br>Со Подмерка 1.4 Финансиска поддршка за женско претприемништво субвенционирани се 11 претпријатија во сопственост и управувани од жени во вкупен износ од 1.068.206 денари.<br>Со Подмерка 3.1. Кофинансирање на проекти на занаетчиските комори за развој и промоција на занаетчиството во РСМ кофинансирани се вкупно 4 проекти на занаетчиски комори во вкупен износ од 707.910 денари. Од занаетчиските комори чии проекти се кофинансирани нема ниедна жена претседател на комора.<br>Со Подмерка 3.2 Субвенционирање на трошоци за ангажирање на чираци субвенциониран е еден апликат (маж) со средства во вкупен износ од 12.938 денари.<br>Со Подмерка 3.3 Субвенционирање на трошоци за занаетчии субвенционирани се 43 апликанти во износ од 4.475.745 денари од кои 15 (34,8%) се жени кои се субвенционирани во вкупен износ од 1.506.454 денари. |
| 4 | **Министерство за финасии** | Субвенционирање на | 108.100.000 денари | -_Според првиот аутпут индикатор во 2020 бројот на одобрени станбени кредити на жените е намален за 11,5%, |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | станбен кредит преку реализација на проектите „Купи куќа, купи стан“ и „Купи куќа за млади“ | | во однос на 2019 година, што главно се должи на пандемијата предизвикана од корона вирусот и воздржаноста на населението од трошење и задожување на период на криза. Имено , во 2020 година намален е и вкупен број на стабени кредит одобрени преку проектот „ Купи куќа , купи стан”( пад од 14%), како и бројката на одобрени субвенционирани стамбени кредити за лица од машки пол (пад од 15,4%).<br>- Бројот на одобрени кредити на жени кои се во брак во последните две години се зголемуваат, при што во 2020 година бројот на одобрени станбени кредити кои се во брак е зголемен за 10% во однос на 2019 година.<br>Бројот на одобрени кредити кај невенчаните жени во 2018 и 2019 година се зголемува , додека во 2020 година истиот е намален за 25% во однос на 2020 година.<br>Според вториот аутпут идикатор може да се констатира дека најголем број на одобрени кредити за лица од женскиот пол има во групата на месечни примања од 500 до 600 евра, потоа следуваат групите од 600 до 700 евра, 400 до 500 евра и 300до 400 евра. |
| 5 | **Агенција за млади и спорт** | Спортска надеж | 25.125.000,00 денари | -Во 2020/2021 година, доделени се 500 стипендии. Тоа е оптималниот утврден број на стипендии кои се доделени на годишно ниво, девојчињата – спортиски опфаќаат 39% , што досега претставува најголем процент на вклученост во системот на натпревари.<br>Зајакнување на капацитетите на вработаните во Агенцијата за млади и спорт за прашањето не еднаквите можности на мажите и жените преку обуки;<br>-Вклучување на родовата перспектива во програмите на Агенцијата за млади |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | и спорт преку креирање на специфични мерки за поддршка на жените и мажите спортиски и спортски клубови во женска конкуренција;<br>- Во периодот на 2018/2019 доделени се 491 стипендија од кои 160 се на девојчиња;<br>Обезбедување на посебни потикнувања и мотивирање на спортски клубови кои се натпреваруваат во женска конкуренција и преку објавување на конкурсите од страна на Агенцијата за млади и спорт при аплицирање во сегментите во кои треба да бидат опфатени и спортиските;<br>- Едукација на анионалните спортски федерации за одржлив спортски систем со унапредување на родовата еднаквост во спортот и спортските дисциплини;<br>- Родова перспектива во функција на правата на жените во работењето на спортските клубови и националните спортски федерации, и во органите и телата на спортските клубови односно федерации; - Организирање на настан за промовирање на жените во спортот.<br>-Партиципација за финансирање на проекти на националните спортски федерации за поддршка на жената во спортот: подршка на учеството на жената во спортот, како во тренажниот процес, рекреативните активности, така и во насока на нејзино зголемено учество како тренер, судија или како креатор на работата на органите и телата во спортските клубови, федерациите и националните асоцијации |
| 6 | **Министерство за правда** | Програма за надомест на штета на лица неправедно осудени и | 5.340.229 денари | Во текот на 2020 година до Министерство за правда се поднесени 32 барања за надоместок на штета од лица неоправдано осудени и неосновано или незаконито лишени од |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | неосновано или незконито лишени од слобода | | слобода. По однос на бројот на мажи и жени на кои им усвоено барањето за утврдување на спогодбен надоместок на штета ( делумна или целосна спогодба ) и определување на нивниот процент од вкупно поднесените барања, нема усвоено брање за утврдување на спогодбен надоместок на штета ( делумна или целосна спогодба) и согласно на тоа не постои односно не моше да се утврди процент од вкупно поднесените барања |
| 7 | **Министерство за култура** | Мултидисци пинарни програми | 21.219.000 денари | Од вкупно одобрени проекти, 26 се проекти чиј што носител е жена , од кои физички 3 (три) и правни субјекти 23 (дваесет и три) за кои распредел буџет во износ од 9.620.000 денари. Осум проекти имаат содржина која целеосно или делумно третира теми од областа на родовите политики, а кои не се нужно трансдисциплинарни проекти со вкупен доделен буџет 4.400.000 денари. |
| 8 | **Министерство за животна средина и просторно планирање** | Програма за инвестирањ е во животна средина | 98.000.000 денари | Вклучување на нов критериум во Конкурсот за распределување на средства за финансирање и реализирање на програми, проекти и други активности од областа на животната средина за апликанти здруженија на граѓани кои промовираат вредности за унапредување на родовата еднаквост . |
| 9 | **Министерство за информатичко општество** | Е –обука за родова еднаквост на администра тивните службеници | 665.520.00 денари | Надоградба на Електронскиот систем за управување со учење , тековно одржување и негово проширување со приклучување на нови институции, додавање на нови функционалности и нови е обуки. |
| 10 | **Министерство за труд и социјална политика** | Поддршка за самовработу вање | 391.207.000 денари | Реализиран опфат на невработени лица мерка Поддршка за самовработување во 2020 година е 1468 лица , од кои 34,7% се млади до 29 години, 29 % се жени и 13% се роми. Степенот на реализација на мерката е 79,5%. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 11 | **Министерство за здравство** | Програмата за рана детекција за малигни заболувања | 16.396.666,00 денари | |
| 12 | **Агенција за поддршка на претприемништвото** | Програма за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средните претпријатија во 2020 година | 17.870.500,00 денари | Потрошени средства за реализирани активности наменети за жени се во износ од 6.651.300,00 денари.<br>- Од вкупно 1534 бизнис планови изработени од страна на овластените советници за кандидатите во Програмата за самовработување, 510 бизнис планови се изработени за жени, што претставува 33,2% учество на жените во оваа програмска активност. Потрошени средства 5.712.000,00 денари.<br>- Во ваучерскиот систем на советување од вкупно реализирани 59 ваучери, 39 ваучери се за мажи, а 20 за жени или 34% учество на жените во оваа програмска активност. Потрошени средства 279.300,00 денари.<br>- Во однос на обуките за женско претприемништво реализирани се 3 обуки за 44 жени и потрошени се вкупно 120.000,00 денари.<br>- Во рамките на програмската активност за стандардизирани менторски услуги потрошени средства за менторирање на 12 претријатија се 540.000,00 денари. |
| 13 | **Министерство за земјоделие, шумарство и водостопанство** | Програма за финансиска поддршка во руралниот развој | 1.763.127.914,00 денеари<br><br>IPARD: 89.627.046,00 денари. | **Мерката 112-Помош на млади земјоделци за започнување со земјоделска дејност**<br>Висината на поддршката изнесува до 600.000 денари. За да биде прифатлив, корисникот за помош на млади земјоделци за започнување со земјоделска дејност од можни 100, треба да добие најмалку 60 бода. Во 2019 година пристигнати се 619 машки апликации и 421 женски апликации, односно 60% машки наспроти 40% женски апликации.<br>**Мерката 115-Поддршка за активен** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | **женски член во земјоделското стопанство** Конкретна мерка од Програмата за рурален развој која е воведена во 2019 година и која е резултат на работата на мешовита работна група од повеќе институции и здруженија е мерката 115 за активен женски член во земјоделските стопанства. Преку мерката создадеме поддршка во вид на неповратни грантови во висина до 180.000 денари по корисник, за вршење на дополнителна дејност во рамки на земјоделското стопанство. Тоа подразбира дека жените ќе можат да започнат со преработувачка или занаетчиска дејност, користејќи ги ресурсите од сопственото производство и преку додавање дополнителна вредност на производите ќе овозможат поголеми приходи. За поддршка на оваа мерка вкупно се одобрени 40 милиони денари |

4.Развој на родовата еднаквост на Локално ниво

Во текот на 2020 година која беше посебно тешка година во сите сегменти на општественото живеење на територијата на општина Аеродром се направија 12 нови паркови со комплетна опрема (реквизити )цо цел граѓаните да бидат на отворен простор. Посебен акцент беше ставен на осветлувањето во парковите.

Исто така, обновени се сите детски спортски игралишта на територијата на општината.

-На почетокот на пандемиата општина **Аеродром** преку програмата за општинско-корисна работа овозможи давање помош на стари лица и лица со попреченост.

-За време на деновите оние граѓани кои беа во домашен карантин имаа можност да им се доставаат до дома потребните продукти и лекови, а пред сите поголеми маркети имаше ангажирано лица кои им помагаа на постарата популација и им беа носени до дома тешките торби со храна.

- Општина Аеродром во соработка со Црвен Крст на РСМ донираа пакети со храна и хигиенски средства на социјално ранливи семејства .
-На децата до десет годишна возраст со посебни образовни програми обезбедени се тренери за пливање и земен е под закуп базенот во Џевахир Скај.
-Покрај финансиската поддршка која ја дава општината за новороеденчиња и првачиња беа поделени награди на сите најдобри ученици и наставници во основните училишта.
Во сите основни училишта беше обновена спортската опрема.
-Општина Аеродром продолжи и во текот на 2020 година со ангажирање на персонални асистенти за децата со посебни образовни програми со зголемен број на истите,за што родителите на овие деца се
презадоволни од нивниот здраствениот напредок.
-Покрај женскиот КК Аеродром општина Аеродром започна и со спонзорство на женскиот ракометен клуб Вардар.
-Еднократна парична помош од 200.000,00 ден им беше дадено на сите спортски клубови кои се на територијата на општин Аеродром.

Во насока на воведување на родово одговорно буџетирање на локално ниво, Општина **Крива Паланка** во текот на 2020 година при програмските и буџетски планирања за 2021 година, соработуваше со регионалниот проект на UNWomen, ООН со канцеларија во Скопје за „Промоција на родово одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и одговорно управување во Република Северна Македонија". Во тек е реализација на процесот на подготовка на родово одговорна стратегија за развој на општината во рамки односно со поддршка на регионалниот проект на UNWomen „Промоција на родово одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и одговорно управување во Република Северна Македонија". Овој процес на подготовка на стратегијата се одолжи поради пандемијата од ковид 19, посебно делот на партиципативноста на граѓаните, посебно делот со партиципативноста на ранливите категории на граѓани, кои имајќи ја предвид заштитата на нивното здравје и живот, активностите ги одложивме до подобрување на состојбата и намалување на ризикот, со пандемијата, се надеваме дека до почетокотна летото ќе се создадат услови и тој дел ќе биде завршен.
Во делот на компонентата од регионалниот проект во соработка со проектот „Промоција на родово одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и одговорно управување во Република Северна Македонија", што се фокусира на воведување на родово одговорно буџетирање на локално ниво, направивме родова анализа на 21 оперативна годишна буџетска програма, со цел планирање на родово сензитивни активности, што пак резултира со родово сензитивно буџетирање на активности, а со тоа и вметнување на елементи на родово одговорно буџетирање во буџетот за 2021 година.

Во текот на 2020 година општина **Градско** презема мерки во насока на олеснета пристапност на жителите на територијата на општината. Обезбеди социјална заштита на старите лица преку воспоставување на сервиси во домашни услови, како и социјална заштита на лица со посебни потреби. Го олесни движењето за своите граѓани со изградбата на улици во населените места Градско, Виничани,

Кочилари и Подлес. Извршена е и реконструкција на локален пат Градско-с.Долно Чичево. Во текот на изминатата година изведена е фекална канализација во м.в Стопанство а изграден е и Центар за откуп на земјоделски производи во Градско.

Приоритетни области за работата на Комисијата за еднакви можности на општина **Дојран** изминатиот период беше промовирање и примена на Законот за еднакви можности помеѓу жените и мажите.
Изминатата 2020 година беше посветена на помагање на жените жртви на родово базирано насилство, исто така општина Дојран зеде учество во кампањата – 16 дена активизам против родово базирано насилство.
-Едукација, онлајн zoom настани, бесплатна правна помош,
бесплатна психолошка помош и бесплатни совети од социјален работник,
- еднократна парична помош за ранливите групи на граѓани.

Програмата за еднакви можности на **Општина Струмица** за 2020 година беше изработена врз основа на Законот за еднакви можности на жените и мажите и Стратегијата за унапредување на родова еднаквост во Општина Струмица 2017-2020 година.
Основната цел на овој документ е подобрување на статутот на жените и обезбедување на континуиран развој во реализацијата на родовата рамноправност и борбата против дискриминацијата по секаков основ.
Општина Струмица преку своите надлежности и преку координација со многубројните локални фактори, превземаше конкретни акции во корист на половата еднаквост, намалување на нееднаквостите и промовирањето на вистинско еднакво општество.
Во рамки на програмата како што е погоре споменато и составен дел од истата е Акцискиот план за еднакви можности на мажите и жените за 2020 во кој поконкретно се наведени по приоритетни области мерките, активностите, проектите, финансиската конструкција и одговорните тела за реализација на конкретните активности и проекти. Реализирани мерки од АП за 2020 година се:

1. Во рамки на стратешкиот приоритет 1- Подобрување на економската состојба на жените и стратешката цел - Економско засилување на жените во општина Струмица:
1.1Воведување на родово-сензитивни критериуми при доделување на грантови за поддршка на граѓанските организации – согласно објавениот повик за аплицирање на јавниот повик за Г1 – Програмата за поддршка на ЛЕР, една од приоритетните области е родовата еднаквост на која здруженија и фондации аплицираат со свои проекти и даваат допринос во унапредување на еднаквите можности на мажите и жените во Општина Струмица.
1.2Општина Струмица преку Г1 - Програмата за поддршка на ЛЕР, врз основа на објавениот повик во рамките на приоритетните области" Локален економски развој и Туризам, Социјална заштита, здравствена заштита и заштита на децата, Заштита на животната средина, Култура, Образование, Млади, Родова еднаквост и човекови права, финансиски поддржа Здруженија на граѓани и Фондации од Општина Струмица кои аплицираа и дадоа придонес со свои проекти:

Општина Струмица преку Програмата Г1 финансиски го поддржа проектот:

- Млада жена фармер – лидер во руралниот развој во Општина Струмица имплементиран од Здружение на фармери ФАРМЕР Струмица.
- Превенција на малолетничка бременост и малолетнички бракви во услови на криза како последица од КОВИД 19, имлементиран од страна на Ромско Турско здружение ХАЈАТ НВО Струмица.

2. Во рамки на стратешкиот приоритет 2- Родово одговорно образование и стратешка цел: Родово одговорно образование, реализирано е следното:

2.1. Мерка - Инклузија на лица со попреченост преку воведување на ментори (личен иобразовен асистент) во наставата, активност ангажирање на лични и образовни асистенти за деца со попречености вклучени во редовниот наставен процес, се реализираше проектот во рамки на програмата Општинско Корисна работа – проект Струмица грижлива општина преку УНДП, ангажирани се 15 лица, 5 образовни и 10 лични асистенти во 4 основни училишта на територија на Општина Струмица. Вкупно корисници на услуги – деца со попречености се 15, 12 се машки пол, а 7 се женски пол. Лични асистенти користат 7 машки и 3 женски деца, а образовен асистент користат 5 машки . Ангажираните асистенти се 15 жена. Во 2020 година за да се аплицираше на Програмата – Општинско корисна работа еден од предусловите беше општината да кофинансира 20% од целата сума на проектот. Покрај што издвоивме финансиски средства за кофинансирање со ребалансот на буџетот, од проектот ни беја доделени 6 асистенти, со што не се задоволуваа потребите на сите пријавени ученици со попреченост. Општина Струмица имајќи во предвид дека станува збор за една ранлива група на граѓани – ученици со попреченост вклучени во редовен образовен процес заедно со Координаторот за еднакви можности одлучија 165.600,00 од Програмата за еднакви можности да бидат пренаменети за финансиска поддршка на лични и образовни асистенти.

3. За Стратешки Приоритет 3 - Еднакво учество на жените во јавниот и политичкиот живот и стратешка цел: Зголемено учество на жените на одлучувачки позиции во општина Струмица, предвидени се следните мерки и активности:

3.1. Мерка Анализа на состојбите на жените на одлучувачките позиции во Општина Струмица, предвидена е активност родова анализа на лица на одлучувачки позиции во институции во надлежност на локални самоуправа, директорки на Јавни претпријатија, членови на управни одбори на ЈП, на училишни одбори, раководители на сектори и одделенија во локалната самоуправа, претседателки на комисии). Поровата анализа е направена од страна на Координаторот за еднакви можности при Општина Струмица. Дел од податоците кои би ги спомнала во извештајот се следните:

- Општинската администрација брои 199 вработени, од кои 75 се од женски пол додека 124 се од машки пол. Од вкупно 8 сектори, раководители на сектори 3 се мажи, додека само 1 е жена. Помошник раководител на сектор, 2 мажи и 2 жени. Раководители на одделенија 12 се мажи, додека 2 се жени.Во однос на распределбата на раководните места во општината не е постигнат родов баланс.
- Во Советот на О.Струмица од вкупно 23 советници, 9 жени и 14 мажи (нов состав) Претседателот на Совет на Општина Струмица е маж.

ЦЕЛ: Афирмација на културата од родов аспект од СП 3:

3.4. Мерка -Стимулирање на здруженија за афирмација на родови аспекти низ останати аспекти во областа на културата (поезија, ликовни поставки, афоризми, итн.), реализирана е следната активност :

Распишан конкурс за ликовна и литературна дејност по повод 8 март - Меѓународниот ден на жената на тема : „ Жената - симбол на сигурност, љубов и топлина". Организатори на настанот се Домот за деца и млади „Благој Мучето„ - Струмица и Координаторката за еднакви можности на мажите и жените на општина Струмица . Оваа соработка е неколку години наназад ,со цел да се внесе родовиот аспект на гледање на мажите и жените , и да не заборавиме дека 8 март е Ден кога се одбележува борбата за економска, социјалана и политичка еднаквост со мажите во секој сегмент во општеството. По распишаниот конкурс пристигнаа околу 100 дела во литературниот дел и 200 ликовни творби . Од пристигнатите творби наградени 10 од литературните творби и 18 во ликовната дејност , со пригодни награди за пошик за понатамошна креативна работа на учениците.А од пристигнатите ликовни творби отворена изложба .

4. Стратешки Приоритет 4 - Спречување на родово базирано насилство, со стратешка цел: Борба против родово базирано насилство, заштита и поддршка на жртвите

4.1 Општина Струмица е прва општина во Република Северна Македонија која со сопствени средства отвори Шелтер центар за згрижување и заштита на жртвите на семејно насилство во Општина Струмица. Врз основа на статистиките од Центарот за социјални работи и НВО од Општина Струмица, препознавајќи ги потребите на граѓаните/граѓанките увидена е нужна потреба за отварање на Шелтер центар во Општина Струмица. На транспарентен начин беше објавен јавен повик за прибирање предлог проектна иницијатива за Основање и започнување со работа на установа за социјална заштита "Шелтер центар за згрижување и заштита на жртвите на семејно насилство во ОпштинаСтрумица". На повикот се јави Здружението на граѓани "Скај плус" од Струмица кои обезбедија сопствено учество преку меморандуми за соработка со општествено одговорни компании и тоа 50 % учество од вкупната сума од Општина Струмица 1.000.000,00 денари. Финансиските средства планирани во Буџетот на општина Струмица за 2020 година, во Програмата за активностите на општина Струмица за областа на Социјалната заштита и заштитата на децата за 2020 година – V2 Програма за Социјална заштита, во Активност бр бр 5- Организирање на Шелтер центар во вредност од 1.000.000,00 денари.

Шелтер центарот претставува комплекс од социјални услуги за лица жртви на семејно насилтво, жени и деца, кои ќе бидат сместени за период од 3 до 6 месеци и истите ќе бидат насочени кон обезбедување на индивидуална поддршка, задоволување на секојдневни потреби и правно советување или социјално – психолошка помош кога е потребна итна интервенција, вклучително преку тимови за мобилна кризна интервенција.

4.2 Општина Струмица во партнерска соработка со Здружението "Скај Плус" од Струмица ги одбележа 16 денови активизам за борба против родово базираното насилство. Општината ја осветли во портокалово скулптурата "Жена под маска" на градскиот плоштад и упати силна порака дека треба да се симне маската на насилството врз жените и децата.

4.3 Младите волонтерски на "Скај Плус" од Струмица, спроведоа уште една акција како дел од 16 дена активизам за борба против семејното насилство. Делеа флаери со содржина, каде и кому да се обратат доколку сакаат да пријават насилство. Истовремено на струмичани им беа прикачува и и портокаловите панделки кои се симбол за борбата против семејното и родово базираното насилство.

Како резултат на настанатата ситуација со Пандемијата Ковид- 19 дел од активностите не беа реализирани и истите се предвидени во Програмата за еднакви можности на мажите и жените за 2021 година.

Општина Струмица согласно своите законски обврски како и согласно своите надлежности, во своето тековно работење, но и при реализација на општински проекти секогаш го има во предвид остварувањето на принципот на еднаквост и еднаквите можности за ситем еднаков третман и забрана на секаков вид дискриминација.